# ПЛАТФОРМА

## ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

СТРУМИЦА

UNDP







# Совет на Општина Струмица

# Платформа
# за развој на Општина Струмица
# 2007–2015 година

**Струмица**
**Април 2007**

Локална лидерска група од општина Струмица

**Лектура**
Виолета Танчева - Златева

**Дизајн и печатење**
Дигипринт

**Проекти**
Градење на капацитетите на локалните власти, граѓанските организации и домашниот деловен сектор за учество во процесите за намалување на сиромаштијата и милениумските развојни цели во Македонија,
Поддршка на подготовката на Националната програма за развој 2005-2015 за Македонија, базирана на МРЦ, и
Јакнење на капацитетите на локално и национално ниво за планирање засновано на Милениумските развојни цели
Ул. Никола Вапцаров II/4-4, 1000 Скопје
Тел: (389 2) 3244 107

**Тим за поддршка од УНДП**
Лилјана Алчева, Менаџер на проектот
Анета Дамјановска, Асистент на проектот

**Изземање**
Ставовите изразени во овој прирачник се ставови на авторите што нужно не претставуваат и ставови на Програмата за развој на обединети нации. Споменатите места и презентираните материјали не имплицираат изразување на каков и да е став на Програмата за развој на обединети нации или Секретаријатот на Обединетите нации во врска со правниот статус или име на која и да е земја, територија, град или област, или за авторите на текстот, или пак во врска со разграничувањето на нејзините граници. Споменувањето на називи на фирми и комерцијални производи не имплицира индосамент на Обединетите нации

# СОДРЖИНА

Обраќање од градоначалникот на општина Струмица ....................................................... 5
Обраќање од локалниот координатор на проектот ....................................................... 7
Извршно резиме на Платформата ....................................................... 9
Вовед ....................................................... 11

1. Процес на планирање ....................................................... 13
1.1. Генерален пристап во процесот на планирање ....................................................... 13
1.2. Методологија на работа ....................................................... 15
1.3. Принципи на изработката и имплементацијата на Платформата ....................................................... 16

2. Анализи и наоди користени во процесот на изработка на Платформата за развој на Општина Струмица ....................................................... 25
2.1. Просторен план на Република Македонија 2002–2020 ....................................................... 25
2.2. Извештај на Република Македонија за Милениумските развојни цели ....................................................... 26
2.3. Синиот извештај на УНДП за Македонија ....................................................... 28
2.4. Состојбата со ранливите групи граѓани во Општина Струмица ....................................................... 29

3. Профил на Општина Струмица ....................................................... 31

4. Стратешки приоритети за развој на Општина Струмица ....................................................... 33
4.1. Визија на Општина Струмица ....................................................... 33
4.2. Стратешки цели ....................................................... 33
Стратешка цел 1 – Висок процент на писменост и квалитетно образование ....................................................... 34
Стратешки пристап на национално ниво ....................................................... 34

Активности на локално ниво ....................................................................................................35
Стратешка цел 2 – Квалитетен регионален здравствен систем достапен за сите граѓани......................36
Стратешки пристап на национално ниво....................................................................................36
Активности на локално ниво ....................................................................................................37
Стратешка цел 3 – Намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста ..............................38
Стратешки пристап на национално ниво....................................................................................38
Активности на локално ниво ....................................................................................................39
Стратешка цел 4 – Подобрување на квалитетот на живеење на ранливите групи .................................40
Стратешки пристап на национално ниво....................................................................................40
Активности на локално ниво ....................................................................................................42
Стратешка цел 5 – Обезбедена одржливост на животната средина.........................................................42
Стратешки пристап на национално ниво....................................................................................43
Активности на локално ниво ....................................................................................................43

5. Спроведување, мониторинг и евалуација и редефинирање на Платформата .......................................... 45

## Прилози

Анекс 1: Матрица на програми, проекти, индикатори и средства за верификација за остварување на стратешките цели за развој на Општина Струмица .......................................46
Анекс 2: Лица вклучени во изработката на Платформата за развој на Општина Струмица ..................62
Анекс 3: Преглед на Проектот на БИМ-ФВ во Македонија ......................................................................67
Анекс 4: Наоди од работилниците на Институтот за човекови права Лудвиг Болцман...........................69
Анекс 5: Резултати од истражувањата на БИМ за положбата на ранливите групи во Општина Струмица.......................................................................................................72

## *Почитувани!!!*



Ниту една значајна работа во животот, ниту било кој општествен процес, не може да биде резултат на стихијни околности како можни случајни епизоди на времето во кое суштествуваме.

Имајќи го тоа во предвид како сведоштво за нашето вчера и денес, новото утро треба да го проектираме врз постулатите на нашите заеднички стремежи и цели во кои се огледуваат посакуваните слики за местото и заедницата на кои им припаѓаме.

Новите европски и светски текови кон кои се стремиме, сами по себе го диктираат таквиот начина на размислување. Анализата на севкупните состојби, можности и ресурси со кои располагаме, на најубав можен начин го детерминираат нашиот поглед на светот преку кој ја правиме визијата за иднината.Од една таква визија, базирана на Милениумските развојни цели, произлезе овој мошне важен стратешки документ насловен како „Платформа за развој на Општина Струмица 2007-2015“. Истиот е резултат на проектните активности на Локалната лидерска група во рамките на проектот „Градење на капацитетите на локалната самоуправа, домашниот деловен

и граѓански сектор во процесот за намалување на сиромаштијата и Милениумските развојни цели во Македонија“ спроведуван од страна на УНДП.

Можноста и укажаната чест да се биде една од трите пилот општини во Република Македонија во кои се спроведуваат проектните активности од овој тип, нашата општина преку овој документ на најдобар начин ја оправдува.

Убеден сум дека со доследно спроведување на осумте столбови врз кои се базира платформата како и со целосно спроведување на нејзините стремешки и конкретни цели во образованието, здравството, економијата, социјалната политика и животната средина, Општина Струмица ќе биде регионален центар во Југоисточниот дел на Македонија со континуиран динамичен развој кој овозможува квалитетен живот и благосостојба.

Бројните проекти кои ќе следуваат во наредниот период ќе покажат дека платформата е извонредно добар инструмент за ефикасно дејствување.

Искуството покажало дека на добри темели секогаш се гради цврста и убава куќа!!. Ако е така, тогаш нема причина да не верувам дека Платформата за развој на Општина струмица 2007-2015 ќе биде новата лична карта на Европска Струмица!!!

*Зоран Заев,*
*Градоначалник на општина Струмица*

## *Почитувани!*

Чест е да се биде дел од големо дело кое во периодот на нашето битисување што следува ќе продуцира уште поголемо дело.

Таа чест УНДП и ја укажа на Општина Струмица селектирајќи ја како една од трите пилот општини во државата.

Првиот состанок на Советодавното тело на УНДП, одржан на 06 септември 2005 година за Струмица беше почетокот на сè она што следуваше во текот на едноиполгодишно активно работење во рамките на проектот „Градење на капацитетите на локалните власти, граѓанските организации и домашниот деловен сектор за учество во процесите за намалувањена сиромаштијата и Милениумските развојни цели во Македонија“, трасирајки пат за продукција на еден особено важен стратешки документ „Платформа за развој на Општина Струмица 2007-2015“, чие заокружување беше Одлуката на Советот на општина Струмица за донесување на Овој суштински стратешки документ за идните тековни развојни можности на општината и секако државата.

Периодот од година и половина активно систематско работење го следеа повеќе битни моменти без кои секако квалитетот на документот кој произлезе не би бил она за кое се залагаше тимот на експерти од УНДП посебно г-ѓа Лилјана Алчева.

Темелите на овој период од активно работење беше формирањето на Локалната лидерска група составена од 23 члена, претставници од Локалната самоуправа, Институциите од јавна дејност, бизнис секторот и секако важната двигателна сила на идните битисувања - невладиниот сектор, чие конституирање го бележи датумот 23 12 2005 година.

Оваа тело беше формирано со една единствена цел: да учествува во идентификацијата на локалните приоритети и нивна интеграција во развојните стратегии на локално и национално ниво, обезбедувајќи врска помеѓу процесите на планирање на локално и национално ниво со особени стремежи во борбата

против сиромаштијата и остварувањето на Милениумските развојни цели.

Во текот на периодот кој следуваше Локалната лидерска група беше последователно обучувана од посебни локални обучувачи кои за таа цел УНДП ги обучи како претходница на идните активности.

Подготовката на Локалната лидерска група се состоеше во испорака на парцијално последователни обуки од пет области : Партиципативно планирање во месец февруари 2006; Определување на потребите на општините во месец април 2006; Мониторинг и анализа во месец мај 2006; Вовед во техниките, алатките и механизмите за мониторинг и евалуација на националните и локалните програми базирани на МРЦ месец мај /јуни и петтата обука на тема Застапување и кампањи во јуни 2006.

Секако важен дел од активностите кои се спроведуваа во текот на овој период беа и спроведените анкети за идентификација на сиромашните во општината и работилниците со наставниците од образовниот процес во општината, иницирајки кај нив капацитет за охрабрување на учениците за продукција на лични и ликовни творби со кои учениците ги изнесоа своите ставови и гледишта по овој дел од нашата општествена реалност.

Следствено во периодот на подготовка на ЛЛГ за самостојно работење во правец на конечна изработка на Стратешкиот документ кој секако би бил база за донесувањето на конечната Национална стратегија, УНДП во текот на септември/ноември 2006 год, испорача и неколку работилници јакнејќи ги капацитетите на ЛЛГ.

И на крај како заокружување на сите активности беше секако изработката на Стратешкиот документ насловен како „Платформа за развој на Општина Струмица 2007-2015" и неговото усвојување од Советот на општината, со што Општина Струмица веќе во наредниот период ќе опстојува побогата со значаен ресурс кој во приближувањето кон европското современие за Општина Струмица ќе биде значаен момент.

*Од локалениот координатор на проектот*
*Милушев Тони*
*Соработник во одделението за локален економски развој*

## *Извршно резиме на Платформата*

Платформата за развој на Општина Струмица ги определува визијата и принципите на развој на Општината, како и стратешките и конкретните цели за нивно достигнување. Освен тоа, таа предвидува и механизам за мерење на остварувањето на она што е планирано.

Општина Струмица во 2015 година ќе биде регионален центар со континуиран динамичен развој кој овозможува квалитетен живот и благосостојба на граѓаните.

Општина Струмица ќе биде центар на југоисточниот регион на Македонија, ќе располага со квалитетна инфраструктура, технологија и човечки ресурси кои ќе овозможат рурален развој и развој на индустријата, на туризмот, на услужните дејности и на енергетиката.

Платформата за развој на Општина Струмица е изработена врз основа на принципите на: квалитет, одговорност, законитост и легитимност, почитување на човековите права, одржлив развој, еднаквост, зголемување на улогата на ранливите групи, аналитичност, приоритетност, контрола и мониторинг, тимска работа, транспарентност, партнерство, како и подигнување на јавната свест за имплементација на Платформата.

***Стратешките приоритети и конкретните цели на Платформата се***:

- **Висок процент на писменост и квалитетно образование**, што ќе се постигне преку висок опфат во основното и во средното образование; развивање на програми за образование на возрасни; подобрување на условите за образование; развивање на високо образование и стимулирање на доживотно образование;
- **Квалитетен регионален здравствен систем достапен за сите граѓани**, преку подобрување на здравственото воспитување; зголемување на превентивата во здравствениот систем; подигнување на квалитетот на ресурсите во здравството и висок степен на транспарентност и информираност во областа на здравствениот систем;

- **Намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста,** преку создавање на поволна бизнис клима; развој на руралните средини, на алтернативниот туризам, на услужните дејности и на малите и средни претпријатија;
- **Подобрување на квалитетот на живеење на ранливите групи,** што ќе се насочи кон подобрување на згрижувањето, на услугите и на заштитата на ранливите групи; зголемување на нивните капацитети; активно вклучување на ранливите групи во општественото живеење и намалување на штетите од ризично однесување; и
- **Обезбедена одржливост на животната средина**, за чие остварување ќе се работи преку унапредување на просторното и урбанистичкото планирање; обезбедување на квалитетна инфраструктура**,** користење на алтернативни извори на енергија; зголемување на процентот на биолошки здраво производство и обезбедување на квалитетни услуги во доменот на животната средина.

Составен дел на Платформата е ***Анекс 1: Матрица на програми, проекти, индикатори и средства за верификација за остварување на стратешките цели на Општина Струмица.***

Следењето на спроведувањето на Платформата ќе биде вршено од страна на Комисијата за мониторинг и евалуација на имплементацијата. На годишните заседанија на Комисијата ќе бидат усогласувани и измени и дополнувања на документот.

На почетокот на деветтата година од имплементацијата на Платформата, ќе започне процесот на планирање на следната Платформа за развој на Општина Струмица.

## *Вовед*

***Платформата за развој на Општина Струмица е изработена во рамките на остварување на надлежноста на општините во Македонија да бидат носители на локалниот економски развој, кој претпоставува утврдување на локалните развојни и структурни приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, како и учеството во воспоставувањето и развојот на локална мрежа на институции за промовирање на партнерството.***

**Платформата за развој на Општина Струмица е базирана врз следните столбови:** пристапот на човекови права, Милениумските развојни цели, интегрираното планирање на развојот, вкупноста во планирањето, акцентот на човековиот и одржливиот развој, реализирањето на доброто владеење и промовирање на вредностите на локалната самоуправа.

***Пристап на човекови права*** – Платформата за развој на Општина Струмица се базира врз пристапот на остварување на човековите права, вклучително, но не ограничено на правата на здравје, пристоен животен стандард, недискриминација, образование, работа, социјално осигурување и социјална помош, правата на детето, правото на здрава животна средина.

***Милениумски развојни цели*** – Платформата за развој на Општина Струмица е усогласена со националните активности на Македонија за остварување на Милениумските развојни цели, кои се агенда за глобален одржлив развој прифатена од безмалу сите нации на светот. Милениумските развојни цели се насочени кон искоренување на сиромаштијата, надминување на неписменоста, заштита на новороденчињата и мајките, превенција од ХИВ/СИДА и други епидемии и обезбедување на здрава животна средина.

***Интегрирано планирање на развојот*** – Платформата за развој на Општина Струмица е оформена во процес на партиципативно планирање кое ги обедини стратегиите за развој во различни сектори. Таа има цел да обезбеди оптимално насочување на ресурсите меѓу сектори и географски подрачја и групи на граѓани на начин што ќе овозможи одржливост и засилување на улогата на сиромашните и на маргинализираните групи.

***Вкупност во планирањето*** – Платформата за развој на Општина Струмица навлегува во сите надлежности на Општината: урбанистичкото планирање, заштитата на животната средина и природата, комуналните дејности, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита, образованието, здравствената заштита и заштита од несреќи.

***Човеков развој*** – Платформата за развој на Општина Струмица не се осврнува само на економскиот развој, туку го промовира пристапот на човеков развој, кој во себе опфаќа обезбедување на услови за целосно остварување на потенцијалите на секоја единка, и се однесува на расположливите можности за образование, здравствена заштита и обезбедениот животен стандард.

***Одржлив развој*** – Платформата за развој на Општина Струмица се базира врз пристапот на одржлив развој, кој претпоставува дека правото на задоволување на социјалните и економски потреби на сегашните генерации не смее да го загрози правото на остварување на тие потреби на идните генерации.

***Добро владеење*** – Платформата за развој на Општина Струмица го засилува доброто владеење во локалната заедница, преку промовирање на вредностите на отвореност, вклучување, одговорност, ефикасност, кохерентност и флексибилност на утврдените политики, за тие да бидат целосно во интерес на граѓаните на општината.

***Локална самоуправа*** – Платформата за развој на Општина Струмица се носи во духот на пристапот дека локалните власти се темелот на секое демократско општество, дека тие се најблиску до граѓаните и дека, преку нив, граѓаните најдобро можат да ги остварат своите права.

# 1. ПРОЦЕС НА ПЛАНИРАЊЕ

## 1.1. Генерален пристап во процесот на планирање



Платформата за развој на Општина Струмица е изработена со примена на концептот на локално планирање базирано врз човековите права. Стратешкиот документ е создаден врз принципот на почитување на одредбите на Милениумската декларација, преточени во Милениумските развојни цели и почитување на човековите права, и овозможува одржлив развој на општината, почитување на различностите и надминување на социјалното исклучување и дискриминација.

При подготовката на Платформата за развој на Општина Струмица беше користена методологијата на партиципативно планирање. Процесот на партиципативно планирање може да се дефинира како вклучување на сите заинтересирани страни (фактори): поединци, групи, организации и институции, во одлучувањето за сите прашања поврзани со развојот, во случајов – локалниот развој на општината.

За примена на партиципативниот пристап во планирањето треба да се задоволат следниве услови, кои во општина Струмица беа исполнети;

- подготвеност на градоначалниците, на локалната администрација, како и на Советите на општините за да го спроведат партиципативното планирање;
- транспарентност во работата на општината при планирањето;
- непристрасност во односите меѓу градоначалниците, администрацијата и другите фактори на развојот во општината;
- навремено спроведување на активностите за партиципативно планирање.

При спроведување на процесот на партиципативното планирање, во општината Струмица беа спроведени следниве активности:

- Идентификација на сите фактори на развојот во општината, преку директни контакти со локалните власти, граѓанскиот сектор и бизнис секторот, спроведување на истражување и подготовка на студијата за состојбата со ранливите групи во општината, формални и неформални средби со релевантни поединци и претставници на групи и организации;
- Навремено и континуирано вклучување на заинтересираните страни во процесот, преку формирање на Локална лидерска група, составена од претставници од граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор во општината. Локалната лидерска група помина низ циклус на обука за планирање, спроведување и набљудување на партиципативни развојни планови;
- Активно вклучување на заинтересираните страни во сите фази од планирањето, преку организирање на работилници за одредување на приоритетите за развој на Општината со Локалната лидерска група, интервјуа со претставници на релевантните институции и организации во Општината, фокус-групи со сиромашните и ранливите групи на граѓани;
- Вклучување на граѓаните во процесот на партиципативно планирање, преку организирање јавни дискусии и дебати, информирање преку јавните гласила и други форми на вклучување на јавноста.

Резултатите од процесот на партиципативно планирање базирано врз Милениумските развојни цели и човековите права се содржани во овој стратешки документ и претставуваат насоки за одржлив развој на Општина Струмица за периодот 2007–2015 година.

## 1.2. Методологија на работа

Платформата за развој на Општина Струмица беше изработена преку партиципативно планирање, со вклученост на Локалната лидерска група, поддржана од проектите: ***Градење на капацитетите на локалните власти, граѓанските организации и домашниот деловен сектор за учество во процесите за намалување на сиромаштијата и Милениумските развојни цели во Македонија*** и ***Поддршка на подготовката на Националната програма за развој 2005–2015 за Македонија, базирана на Милениумските развојни цели*** на УНДП и проектот ***Човековите права и намалувањето на сиромаштијата во Македонија,*** спроведен во тесна соработка на УНДП и Институтот за човекови права Лудвиг Болтцман од Виена.

Платформата беше концептуализирана преку три партиципативни работилници на Локалната лидерска група, на кои им претходеше дванаесетдневно засилување на капацитетите на членовите на групата, врз основа на прирачници за: партиципативно планирање; методи и техники за одредување на потребите во општините со фокус на ранливите групи; мониторинг и анализа, со особен осврт на индикаторите; преглед на техниките и алатките за мониторинг и евалуција на националните и локалите програми врз основа на Милениумските развојни цели; и основите на застапувањето и кампањите.

Лидерската група е репрезентативен примерок на претставници на клучните сегменти на заедницата во Општина Струмица. Таа се состоеше од претставници на локалната самоуправа, на подрачните единици на клучните министерства поврзани со развојот на Општината, на образовните институции, на бизнис заедницата, на земјоделскиот сектор, на невладините организации, како и на ранливите групи. Во Анекс 1 на оваа Платформа дадена е листа на членовите на Локалната лидерска група.

Процесот на изработка на Платформата беше координиран од Проектниот тим на УНДП, а во него беа вклучени и обучувачи од локалната заедница и консултанти на проектот. Во Анекс 2 на оваа Платформа е дадена листата на сите вклучени лица во процесот на изработка на Стратегијата.

## 1.3. Принципи на изработката и имплементацијата на Платформата

*Платформата за развој на Општина Струмица е изработена врз основа на следните принципи, кои се определени како столбови и на успешноста во нејзината имплементација:*

- квалитет,
- одговорност,
- законитост и легитимност,
- почитување на човековите права,
- одржлив развој,
- еднаквост,
- зголемување на улогата на ранливите групи,
- аналитичност,
- приоритетност,
- контрола и мониторинг,
- тимска работа,
- транспарентност,
- партнерство, и
- подигнување на јавната свест за имплементација на Платформата.

### *Квалитет*

***Квалитетот е основен пристап кон работата кој може да даде вредни и трајни резултати.***

Квалитетот во изработката на Платформата се остварува од процесот на определување на приоритетите до процесот на имплементација.

Професионалниот однос на сите засегнати страни, во која било фаза на создавање или спроведување на Платформата, ќе биде основната мерка на квалитетот на процесот.

Принципот на квалитет во себе го содржи и пристапот на постојана изградба на капацитетите во локалната заедница.

### *Одговорност*

***Одговорноста за преземените активности ќе биде утврдувана преку вреднување и наградување за трудот, но и преку земање предвид на потфрлувањата во остварувањето на Платформата.***

Отчетноста е одговорност за квалитетот на постапката и за нејзините резултати. Тоа вклучува утврдување на остварувањата од страна на лицата или институциите на кои им биле доверени задолженијата, мерено во однос на договорените стандарди.

Одговорноста е тесно поврзана со создавањето на поттик за работа на различните вклучени страни.

### *Законитост и легитимност*

***Одлуките за имплементирање на Платформата ќе бидат базирани врз законите на Република Македонија и врз нивното прифаќање како легитимни од страна на вкупната локална заедница***.

Постоењето на законитост овозможува сигурна средина за развој на Општината. Без соодветна законска основа на која било активност, ќе биде доведена во прашање одговорноста на вклучените страни во процесот, а со тоа и квалитетот на услугите.

Легитимен процес на носење на одлуки претпоставува вклучување на сите релевантни фактори во Општината во носењето на одлуки, од најраните фази на планирање до нивото на нивната целосна имплементација.

Институциите на локалната самоуправа ќе придонесат кон остварување на овој принцип преку сопствена отвореност кон граѓаните.

### *Почитување на човековите права*

***Основната цел на Платформата за развој на Општина Струмица – подигнување на квалитетот на живот на граѓаните – ќе биде остварена и преку пристапот на развој преку почитување на човековите права.***

Човековите права имаат двојна улога во подигнувањето на квалитетот на животот: нивното остварување значи минимум прифатлив квалитет на живеење на секој човек, но и придонес кон борбата против сиромаштијата, која е повеќеслоен проблем кој во себе вклучува економска, социјална, политичка и културна димензија.

Почитувањето на човековите права е вредност сама по себе, но искуствата покажуваат дека со особен осврт кон него се подобрува и вкупната економска состојба во државата.

### *Одржлив развој*

***Пристапот на одржлив развој претпоставува потребите за поквалитетен живот на сегашните генерации во Општина Струмица да се остварат без притоа да се загрози правото на најмалку еднакво квалитетен живот на идните генерации.***

Одржливиот развој овозможува економски раст кој не му штети на природниот и човечкиот



капитал. Одржливиот развој почива врз економски развој, социјален развој и заштита на човековата околина. Затоа, развојот на Општина Струмица нема да му дава апсолутна предност на кој било од овие столбови по цена на запоставување на некој од другите два.

### *Еднаквост*

***Во Општина Струмица сите нејзини жители ќе бидат и ќе се чувствуваат еднакви, и според правата и според обврските за остварување на заедничкото добро, во рамките на нивните можности.***

Меѓусебното почитување ќе остане најважниот камен-темелник на развојот на односите во заедницата.

### *Зголемување на улогата на ранливите групи*

***Ранливите групи ќе бидат активно вклучени во сите фази на процесите на планирање во Општината, преку почитување на инклузивноста и на партиципативното планирање.***

Засилувањето на улогата на ранливите групи, во најширока смисла на зборот, значи проширување на нивната слобода на избор и дејствување.

Партиципативното планирање претпоставува процес во кој одговорноста за носењето на одлуки и располагањето со ресурси е во рацете на оние кои ќе имаат корист од таквите одлуки.

Инклузивноста е принцип кој претпоставува отстранување на институционалните препреки и подигнување на нивото на вклученост на различни индивидуи и групи во користењето на сервисите кои стојат на располагање во Општината.

### *Аналитичност*

***Планирачките документи кои ќе произлезат од оваа Платформа ќе бидат базирани врз квалитетни податоци кои се резултат на истражување, анализа и систематизирање на наодите.***

Податоците кои ќе бидат потребни заради утврдување на конкретните активности кои може да обезбедат најголемо влијание во остварување на целите, како и податоците кои ќе бидат користени за мерење на нивното остварување во доменот на индикатори, ќе бидат обезбедувани, пред сѐ, во рамките на локалната заедница, а дури потоа од истражувања кои се прават на централно ниво.

Истражувањата, анализата и систематизацијата на наодите ќе биде вршена врз основа на валидна методологија и со почитување на меѓународните стандарди и добри практики.

### *Приоритетност*

***Редоследот на имплементација и алокацијата на средства за проектите за остварување на целите на оваа Платформа ќе бидат утврдени врз основа на анализа на повеќе алтернативи***.

Не е возможно во исто време да бидат алоцирани средства за остварување на сите стратешки приоритети определени во Платформата. Од друга страна, заради определување на најквалитетните форми на имплементација, Платформата ќе биде имплементирана преку проекти кои ќе произлезат од анализа на повеќе понудени начини на постигнување на истата цел.

Поради овие две причини, Платформата ќе биде имплементирана преку процес на утврдување на приоритети во поглед на временската рамка и природната причинско-последична врска на понудените пристапи.

### *Контрола и мониторинг*

***Контролата и мониторингот на спроведување на Платформата се нужни алатки за следење на степенот на нејзино остварување, но и заради континуирано потврдување на релевантноста на документот.***

Промените во Општината може да влијаат како врз динамиката на некои од планираните активности, така и врз релевантноста на утврдените приоритети. Во исто време, начинот и квалитетот во остварувањето на еден сегмент од Платформата ќе има влијание врз останатите проекти кои произлегуваат од неа.

Затоа, контролата, мониторингот и евалуацијата ќе бидат постојано користени, во соодветни интервали за секоја од овие алатки, со цел Платформата да биде навремено и соодветно имплементирана.

### *Тимска работа*

***Изработката на Платформата е резултат на тимска работа и нејзиното спроведување ќе биде остварено во истиот дух.***

Планирањето и извршувањето на секторски програми ќе биде преземено од страна на утврдени тимови, кои ќе бидат репрезентативни во поглед на стручноста и застапеноста на сите релевантни заинтересирани страни во Општината.

Во процесот на дополнителни планирања и извршување на планските документи ќе бидат вршени и навремени консултации со засегнатите страни и со експертската јавност во Општината и пошироко.

### *Транспарентност*

***Целокупниот процес на планирање и остварување на Платформата ќе остане транспарентен.***

Транспарентноста претпоставува споделување на информациите и дејствување во отворен дух. Транспарентноста овозможува заинтересираните страни да собираат информации кои се клучни за процесот на одлучување, како и за елиминирање на конфликите кои може да се појават поради непотполно или деформирано знаење.

### *Партнерство*

***Платформата ќе биде остварена преку развивање на партнерства, како со приватниот сектор така и со други институции во државата и во регионот. Приватниот сектор со кој ќе бидат воспоставани партнерствата ќе биде поттикнуван да развива корпоративна општествена одговорност.***

Јавните институции не можат самостојно да ја задоволат постојано растечката побарувачка за услуги од страна на граѓаните. Затоа се развиваат партнерства со различни сфери во општеството. Јавно-приватните партнерства се добар одговор на новите предизвици произлезени од потрагата по поквалитетни јавни услуги.

Јавно-приватните партнерства овозможуваат комбинација на најдобрите карактеристики на јавниот и приватниот сектор. Општествената одговорност, свесноста за потребата за заштита на животната средина и јавната одговорност се придобивките што јавниот сектор ги донесува во партнерството, а финансиската, технолошка и менаџерска ефикасност и претприемачкиот дух се инпутите на приватниот сектор.

Корпоративната општествена одговорност претпоставува обврска на приватниот сектор да се грижи за постојното и можното економско, социјално влијание и влијанието врз животната средина од нивните бизнис одлуки.

### *Подигнување на јавната свест за имплементација на Платформата*

***Имплементацијата на Платформата ќе биде следена со активности кои ќе овозможат граѓаните на Општина Струмица да се запознаат со нејзината содржина и активно да се вклучат во разните форми на нејзино остварување.***

Подигнувањето на јавната свест за постоењето на овој документ ќе придонесе за развивање на вкупната култура на планирање во Општината. Колку е поголем бројот на граѓани и институции кои ќе бидат запознати со овој документ, толку е поголема веројатноста дека неговите цели ќе бидат пошироко прифатени, и дека ќе се ослободи поголема општествена енергија потребна за нивно остварување.

# 2. АНАЛИЗИ И НАОДИ КОРИСТЕНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАТФОРМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

Платформата за развој на Општина Струмица ги зема предвид и е усогласена со одредниците на ***Просторниот план на Македонија 2002–2020***, ***Извештајот на Република Македонија за Милениумските развојни цели***, ***Синиот извештај на УНДП за Македонија*** и други достапни документи и наоди.

Како посебен дел во изработката на Платформата за развој на Општината беа земени предвид наодите на работилниците за одредување на приоритети и за поставување на стратешки цели, како и работилниците за вклучување на човековите права, фокус-групите со маргинализираните и ранливите категории граѓани.

## 2.1. Просторен план на Република Македонија 2002–2020

Просторниот план на Македонија 2002–2020 е највисок планирачки документ во поглед на просторната организација на државата и целите и концепциите на просторниот развој. Тој е донесен во 2002 година, од страна на Собранието на Република Македонија.

Според Просторниот план, утврдено е до 2020 година **Општина Струмица**:

- ***Да биде центар на мезорегионот*** (помеѓу макрорегион чиј центар е Штип, и микрорегиони, какви што се Валандово, Богданци, Гевгелија, Радовиш, Берово, Пехчево);
- ***Да биде најгусто населена општина во мезорегионот***, со население до 50.000 жители;

- ***Да биде точно на источната оска на развој на државата*** (која оди од Куманово, Свети Николе, Радовиш, Штип, до Струмица);
- ***Да има слободна економска зона*** (заедно со Гевгелија, Штип, Скопје, Тетово, Кавадарци, Прилеп и Битола);
- ***Да има аеродром*** (заедно со изградбата на аеродром и во Битола);
- ***Да нема промена во квалитетот на патното поврзување;***
- ***Да нема значително зголемувања на становите и домаќинствата*** во однос на оние од 2002 година;
- ***Да има секундарна здравствена заштита;***
- ***Да има центри за средно образование;***
- ***Да се наоѓа помеѓу земјоделско и шумско земјиште;***
- ***Да се наоѓа вон зоните на потенцијални природни хазарди;***
- ***Да биде на тромеѓа помеѓу наводнувани и други обработливи површини;***
- ***Да биде на граница со ниски шуми;***
- ***Да биде градско-туристички центар***, со главни туристички одредишта: Струмица, Езеро Водоча, Банско и Смолари;
- ***Да биде споменично подрачје;***
- ***Да биде област во која не смее да се лоцираат санитарни депонии и претоварни станици;***
- ***Да биде дел од регионалниот водоснабдувачки систем Треска;***
- ***Да биде поврзана со гасоводна мрежа.***

## 2.2. Извештај за Милениумски развојни цели на Република Македонија

Првиот Извештај за Милениумските развојни цели на Република Македонија е изготвен во 2005 година, од страна на Комисијата за изготвување на извештај за Милениумските развојни цели, а прифатен од Владата на Република Македонија.

Извештајот прави врска меѓу остварувањето на Милениумските развојни цели и процесите на интеграција на Македонија во Европската унија. Во Извештајот се заклучува дека економските

трендови во државата се бавни, но европската перспектива е основната движечка сила на реформите во државата.

Извештајот потврдува дека главно прашање за државата во поглед на остварување на Милениумските развојни цели е искоренувањето на сиромаштијата, која е повеќеслоен проблем.

За да се остварат препораките на Извештајот, потребно е:

- продолжување на активностите за подигнување на свесноста за Милениумските развојни цели;
- хармонизација на националните и локалните политики во рамките на остварување на секоја од целите;
- подобрување на системот на собирање на податоци; и
- засилување на партнерствата.

Заклучоците и препораките на Извештајот, во поглед на секоја од Милениумските развојни цели, се следните:

◊ **Цел 1:** ***Искоренување на сиромаштијата*** – Постојното ниво на сиромаштија во Македонија е повеќе резултат на високата стапка на невработеност отколку на факторот на ниски примања, а постојат и големи разлики меѓу различни ранливи групи;

◊ **Цел 2:** ***Постигнување на општо основно образование*** – Македонија останува посветена на развојот на формалното образование, како основен столб на човековиот развој, со приоритет во иднина да се зголеми квалитетот на основното образование и да се овозможи поголема мобилност на учениците од основно во повисоки степени на образование;

◊ **Цел 3:** ***Промоција на родовата еднаквост*** – Еднаквоста меѓу половите ќе се постигне преку зголемување на учеството на жените во општествениот живот, а особено во економијата, во образованието и во политиката;

◊ **Цел 4:** ***Намалување на смртноста кај децата*** – Со оглед на тоа дека смртноста на децата е повиска во Македонија во однос на просекот во Европската унија, треба да се инвестира во превентивна заштита на здравјето на децата и подобрување на здравјето на мајките;

◊ **Цел 5**: ***Подобрување на здравјето на родилките*** – Сè уште постои потреба за намалување

на смртноста кај мајките, најмногу преку засилување на механизмите за следење на состојбите;

◊ **Цел 6**: ***Борба против ХИВ/СИДА и туберкулоза*** – Иако официјалната бројка на клинички дијагностицирани случаи на ХИВ/СИДА е меѓу најниските во Европа и иако бројките на заболените од туберкулоза се намалуваат – основано се претпоставува дека темните бројки на нерегистрирани случаи во двата погледа се над европските просеци. Двете болести се шират со различен интензитет според религиозната, родовата и регионалната припадност на заболените. Одговорот на предизвикот се бара преку развивање на механизми за превенција и рано откривање;

◊ **Цел 7:** ***Одржливост на животната средина*** – Заштитата на животната средина ќе се остварува преку засилување на административните капацитети на соодветните институции, обезбедување на повеќе финансии, интеграција на меѓусекторските политики и донесување на севкупни во опфатот законски мерки;

◊ **Цел 8:** ***Партнерства за развој*** – Основен приоритет во остварувањето на оваа цел е обезбедување на повисок степен на вклучување во меѓународната трговија и зголемување на странските директни инвестиции во државата.

## 2.3. Синиот извештај на УНДП за Македонија

Во 2006 година, на барање на Владата, УНДП формираше Сина комисија, составена од домашни и странски експерти, за да ја проценат економската ситуација во земјата и да дадат насоки за забрзување на економскиот раст, за намалување на невработеноста и за подготовка на државата за влез во Европската унија.

Комисијата утврди дека во наредниот 10-годишен период, до 2015 година:

◊ македонската економија ќе расте со одржлива стапка и ќе создаде значаен број на нови работни места, преполовувајќи ја стапката на невработеност. Сиромаштијата и нееднаквоста ќе бидат значително намалени, а образованието, здравствениот и пензискиот систем ќе бидат реформирани;

- ◊ македонската економија ќе биде целосно интегрирана во глобалната економија. Извозот значително ќе порасне, а странските директни инвестиции ќе бидат на нивото на другите земји од регионот;
- ◊ Македонија ќе има значително посилни, поефикасни и полегитимни институции кои се претпоставка за влез во Европската унија;
- ◊ јавните институции во државата ќе ги остваруваат своите функции поефикасно. Корупцијата ќе биде намалена, а функционирањето на правниот систем ќе биде на ниво на европските норми. Важни функции ќе бидат децентрализирани, со тоа што единиците на локалната самоуправа ќе бидат во можност да им обезбедат квалитетни услуги на лицата кои живеат на нивна територија.

## 2.4. Состојбата со ранливите групи граѓани во Општина Струмица

Според податоците добиени од истражувањето на теренот во Неготино, Струмица и Гостивар, кое беше спроведено во текот на 2006 година од страна на УНДП – Македонија и елаборирано од страна на експертскиот тим на БИМ-ФВ од Виена, може да се изведат следните поставки:

- Лицата од ромска и турска националност спаѓаат во групата на општествено најзагрозени заедници, посебно во доменот на здравјето, инфраструктурата и образованието;
- Руралните области се најнеразвиените региони во земјата и предничат со релативно висока стапка на неписменост и со ниско образовно ниво кај населението (како, на пример, Турците во Струмица). Ова е воедно и главна причина за појава и опстојување на хроничниот глад во овие региони;
- Додека бројот на сиромашните е во постојан пораст, нивното учество во јавниот живот на заедницата од која потекнуваат е во постојан пад. Ваквата тенденција е особено карактеристична за припадниците на етничките, односно националните малцинства, вклучително Ромите, Албанците и Турците.

Според податоците, пак, добиени во текот на обуките за локалната лидерска група кои БИМ-ФВ ги спроведе во Општина Струмица, и со одржаните фокус-групи со претставници на претходно

идентификуваните ранливи општествени групи, беше заклучено дека хроничниот глад и недостатокот од материјални ресурси за задоволување на основните животни потреби се главни аспекти на сиромаштијата.



Исто така, различните потреби на сиромашните во руралните и во урбаните средини беа посебно подвлечени. Така, додека пристапот до работните места, до јавните услуги и до постојната инфраструктура се сметаат како предност за урбаните средини, полесното обезбедување на храна и пристапот до обработливо земјоделско земјиште несомнено претставуваат предност за руралните средини. Ваквите разлики се условени, пред сè, од затворањето на постојните индустриски капацитети, од миграциите, од несоодветните развојни планови, недоволното образовно ниво и лошата инфраструктура.

Учесниците сметаа дека донесувањето на афирмативна правна регулатива и зголемувањето на степенот на координираност во активностите на јавниот, приватниот и НВО секторот, насочени кон подобрување и зајакнување на положбата на ранливите општествени групи, може повеќекратно да влијае врз намалувањето на сиромаштијата.

# 3. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

Општина Струмица е најголема и носечка општина во југоисточниот регион на Македонија. Таа се наоѓа на крајниот југоисток на земјата, веднаш до тромеѓата на границите со Република Бугарија и Република Грција, кои се двата единствени соседа на Република Македонија кои се членки на Европската унија и на НАТО.

Во општина Струмица, која го опфаќа градот Струмица и уште 24 населени места, живеат 54,676 жители, од кои 92% Македонци, 6,9% Турци, 0,34% Срби, 0,27% Роми, и по 0,005% Албанци и Власи, и 0,6% друго население.

Вкупно 27% од населението во општината е под 20-годишна возраст, 57% е работоспособно население од 20 до 60 години, и 14% е старо население, над 60-годишна возраст.

Најголем дел од населението во Општината, т.е. 38%, има средно образование, 27% е со основно образование, 4% е со више, а 7% има високо образование; 19% има непотполно основно образование, а 5% од населението е воопшто без каква било школска подготовка.

Старосната структура во Општина Струмица не е особено загрижувачка, во однос на другите општини во државата. Таа спаѓа во општините кои се на прагот на демографска старост, заедно со уште 7 други општини.

Во Струмичкиот регион има 14.793 вработени лица и 3.064 кои се индивидуални земјоделци, односно вкупно 17.857 лица остваруваат доход од работа. Во општината има 21.587 невработени, односно за 17% повеќе има невработени во однос на лицата кои остваруваат доход од работа.

Стапката на невработеност во регионот е 40,5%. Од невработените лица 60% имаат ниска квалификација; 18% имаат средна стручна спрема, 14% од невработените се квалификувани; а само 3% имаат високо образование.

Бројот на корисниците на социјална помош во Струмица, во периодот од 1998 до 2002 година пораснал за 60%, и тоа од 2.062 семејства на 3.339 семејства; додека пак учеството на лицата со парична

помош во вкупното население пораснало од 10,8% на 13,3% во истиот временски период.

Вкупната земјоделска површина во Струмичкиот регион изнесува 32.319 ха, од кои 87% се обработливи површини.

Во Струмичкиот регион има 230 сончеви денови, со 2.377 сончеви часови годишно.

На територијата на регионот не постои железничка мрежа, а најблизок пристап до неа има на 40 км (кај Удово) и на 65 км (кај Штип). На територијата на регионот нема аеродром, а најблискиот е на 150 км, во Скопје.

Во регионот има 5 термоминерални извори, со температура од 71 степен на главниот извор, и 56 степени на останатите.

Како што споменавме, во Општина Струмица бројот на сиромашните е во постојан пораст, а нивното учество во јавниот живот на заедницата е во постојан пад. Ваквата тенденција е особено карактеристична за припадниците на етничките, односно националните малцинства, вклучително Ромите и Турците. Овие две етнички заедници спаѓаат во групата на општествено најзагрозените, посебно во доменот на здравјето, инфраструктурата и образованието.

Руралните области се помалку развиени и предничат со релативно висока стапка на неписменост и со ниско образовно ниво кај населението, што е особено случај со турската етничка заедница во Струмица.

Жените се дискриминирани повеќе од мажите, и тоа на сите нивоа и во сите сфери од општествениот живот. Ова е особено случај со самохраните мајки и со разведените жени, кои се изложени на поголем социјален ризик, што влијае и на родовата димензија на сиромаштијата.

# 4. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

## 4.1. Визија на Општина Струмица

***Во 2015 година Струмица ќе биде регионален центар со континуиран динамичен развој кој овозможува квалитетен живот и благосостојба.***
***Општина Струмица ќе биде центар на југоисточниот регион на Македонија, ќе располага со квалитетна инфраструктура, технологија и човечки ресурси кои ќе овозможат рурален развој и развој на индустријата, туризмот, услужните дејности и енергетиката.***

## 4.2. Стратешки цели

Платформата за развој на Општина Струмица се осврнува на пет основни области на развојот: образованието, здравството, економијата, социјалната политика и животната средина.

Стратешките цели на развојот на Општината се:
**– Висок степен на писменост и квалитетно образование;**
**– Квалитетен регионален здравствен систем достапен на сите;**
**– Намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста;**
**– Подобрување на квалитетот на живеење на ранливите групи;**
**– Обезбедување на одржливост на животната средина.**

## *Стратешка цел 1* – Висок процент на писменост и квалитетно образование

Општина Струмица ќе обезбеди **висок процент на писменост и квалитетно образование,** преку:

***1.1. висок опфат во основното и средното образование;***

***1.2. развивање на програми за образование на возрасни и доживотно учење;***

***1.3. подобрување на условите за образование;***

***1.4. развивање на високо образование.***

### *Стратешки пристап на национално ниво*

Образованието е основно човеково право и им овозможува на децата, на младите и на возрасните критички да размислуваат и да прават избори што ќе им го подобрат квалитетот на животот. Образованието го разбива кругот на сиромаштија и е клучен фактор во економскиот и во социјалниот развој.

Образованието и обуката, културата, науката и иновациите се клучни фактори за благосостојба на граѓаните и за јакнење на националната економија.

Потврда на ова е фактот дека во повеќе од половината од случаите на семејства кои живеат под прагот на сиромаштија во Македонија, носечкиот член на семејството има недооформено образование.

Македонија ќе го развива образованието преку:

- обезбедување на образование за сите и обезбедување на образовна рамноправност;
- унапредување на културата на живеење;
- зголемување на социјалната партиципација;
- зголемување на образовната, културната, економската компететивност на македонското општество;
- унапредување на меѓународната соработка;
- квалитетно управување со промените во образованието.

### *Активности на локално ниво*

Високиот опфат во основно и средно образование ќе се постигне преку подигнување на свеста за важноста на основното и средното образование за благосостојбата на секоја единка и за предностите што ги носи со себе проодноста од основно кон повисоките степени на образование. Ќе биде основан општински фонд за образование, преку кој ќе биде обезбедена финансиска поддршка на ученици кои имаат ограничен пристап до финансиски средства. Со помош на овој фонд, ќе може да се прифатат поголем број ученици и да се воведат нови струки во средното образование, кои ќе бидат во согласност со потребите на пазарот на трудот во Општината.



Во Општина Струмица ќе се работи на развивање на програми за образование на возрасни и ќе се популаризира доживотното учење, и тоа преку подигнување на свеста за важноста на ваквите видови на образование, преку обука на лица кои ќе можат да испорачуваат вакво образование, како и преку развивање на програми за обуки кои ќе се фокусираат на преквалификација и на доквалификација заради зголемување на конкурентноста на работната сила во Општина Струмица.

Подобрувањето на условите за образование ќе биде постигнато како преку подобрување на „хадрверот“ – преку подигнување на нивото на физичките карактеристики на училиштата, така и преку поголем квалитет на „софтверот“ – односно осовременување на наставниот процес и подигнување на нивото на наставниот кадар, преку негово постојано доизградување.

Имајќи ги предвид потребите на новата економија, која ќе биде економија на знаење, во Општина Струмица ќе се развива и високо образование, и тоа преку промовирање на можностите за вакво образование и преку обезбедување на поволности за оние правни и физички лица кои ќе решат да придонесат за развивање на ваквото образование во Општината.

## *Стратешка цел 2* – Квалитетен регионален здравствен систем достапен за сите граѓани

Општина Струмица ќе обезбеди **квалитетен регионален здравствен систем достапен за сите граѓани,** преку:

***1.1. подобрување на здравственото воспитување;***

***1.2. зголемување на превентивата во здравствениот систем;***

***1.3. подигнување на квалитетот на ресурсите во здравството;***

***1.4. висок степен на транспарентност и информираност во областа на здравствениот систем.***

### *Стратешки пристап на национално ниво*

Македонија ќе го унапреди здравството и здравствениот систем за да одговори на потребите на граѓаните. Клучни предизвици во здравството во Македонија ќе бидат хроничните незаразни заболувања, новите заразни заболувања и ургентните состојби.

Примарната здравствена заштита, ориентирана кон поединецот, семејството и заедницата, ќе биде основа на здравствениот систем. Посебен акцент ќе биде ставен на превентивата.

### *Активности на локално ниво*

Во Општина Струмица ќе биде подигнато нивото на здравствено воспитување преку развивање на програми за едукација за инфективните, хроничните, малигните и други болести кои се од интерес на државата, но и за оние кои се актуелни на локално ниво.

Здравственото воспитување ќе биде насочено и кон промовирање на интересите на поединецот – преку промовирање на здрав стил на живеење, и на интересите на заедницата – преку поттикнување на солидарноста. Посебно внимание ќе биде посветено на заштитата на мајчинството.



Во здравствениот систем ќе биде развивана особено превентивата, зашто тоа е најпрво во интерес на здравјето на секоја единка во Општината, но во исто време, резултира со потреба од помали финансиски средства за нејзина реализација, во однос на другите начини на остварување на здравствената заштита. Превентивата ќе биде развивана преку постојано зголемување на опфатот и редовноста од вакцинација, различни активности против ширењето на различни заразни болести, организирање на различни видови редовни систематски прегледи и преку отворање на советодавни центри.

И во поглед на здравствениот систем, како што тоа ќе биде случај и со образованието, подеднакво внимание ќе биде посветено на подобрување на техничката опременост на здравствените институции и проширување на нивната мрежа и на квалитетот на човечките ресурси.

Во Општина Струмица квалитетот на здравствените услуги нема да биде подигнуван само од аспект на нивното обезбедување, туку и од аспект на нивното користење. Граѓаните ќе имаат зголемена свест за своите права како пациенти, ќе имаат лесен пристап до сите информации поврзани со здравствените услуги и ќе можат да ги добијат на територијата на Општината.

## *Стратешка цел 3* – Намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста

Општина Струмица ќе обезбеди **намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста,** преку:

***1.1. создавање на поволна бизнис клима;***
***1.2. развој на рурални средини;***
***1.3. развој на алтернативен туризам;***
***1.4. развој на услужни дејности;***
***1.5. развој на мали и средни претпријатија.***

### *Стратешки пристап на национално ниво*

Македонија има направено значителен прогрес кон создавање на пазарна економија. Но, сепак, во голем број значајни аспекти, економските перформанси не се на задоволително ниво. Главен проблем во Македонија останува невработеноста.

Со постигнатата макроекономска стабилност, клучни за постигнување на богатство и просперитет во Македонија во иднина ќе бидат реформите на микрониво, кои ќе промовираат ефикасно функционирање на пазарите, кои ќе донесат дисциплина во конкуренцијата на фирмите и во работата на нивните менаџери, и кои ќе ги направат бизнис трансакциите поевтини.

Во економијата во Македонија ќе се развива духот на претприемништво, ќе се работи на зголемување на извозните активности, на воведување на нови технологии и на поопфатен дијалог меѓу јавниот и приватниот сектор.

Бизнис климата во Македонија ќе биде подобрена преку воведување на најдобрите практики користени во други земји со слични карактеристики, со што нашата економија ќе стане поинтегрирана во глобалните текови.

Македонија треба да ја напушти целта за самоодрживост во поглед на прехраната, и да ја

прифати пореалистичната цел да биде нето-извозник на храна, што значи повеќе да извезува одошто да увезува.

Борбата против невработеноста ќе се реализира преку намалување на оданочувањата на платите, засилување на институциите кои промовираат вработување и понатамошно подобрување на правната рамка која ги регулира работните односи.

Малите претпријатија во Македонија опфаќаат 98,3% од вкупниот број претпријатија, и обезбедуваат работа за  37% од сите вработени во државата. Средните претпријатија опфаќаат 1,4% од сите претпријатија, но вработуваат дури 24% од сите вработени.

Малите и средните претпријатија ќе се развиваат преку обезбедување на стоки и услуги кои ги бара пазарот, преку развивање на маркетингот, во услови на подобрена национална правна и регулаторна рамка.

### *Активности на локално ниво*

Струмица ќе биде центар на еден регион кој ќе биде економски развиен, конкурентен и атрактивен агро-индустриски, туристички, културно-образовен центар, препознатлив по своите брендови и можности за инвестирање.

Ќе се подобри бизнис климата преку формирање на слободна економска зона, промовирање на можностите за инвестирање, развој и проширување на малите и средни претпријатија, со бенефиции за стопанските субјекти кои се активни во општината. Општинската администрација ќе се вклучи во остварување на оваа цел преку создавање на инфо-центар со едношалтерски систем. Конечно, ќе се стимулира претприемничкиот дух и ќе се разива корпоративната општествена одговорност.

Општина Струмица ќе има развиени рурални средини. Тоа ќе биде постигнато преку поттикнување на инвестирањето во нив и преку подобрување на инфраструктурата. Ќе се освојат нови пазари, преку организирано и конкуретно производство на агро-индустриски производи, кои ќе бидат резултат на воведувањето и на нови земјоделски култури и на развивање на сточарството. Заради олеснување на остварувањето на оваа цел, ќе биде изграден Центар за откуп и пласман на земјоделските производи.

Ќе се создаде одржлив развој на алтернативниот туризам, преку искористување и промоција на културното и историско наследство, природните убавини и реткости за создавање на богата и разновидна туристичка понуда. Фокусот ќе биде ставен на развивање на селскиот, манастирскиот, археолошкиот, бањскиот, ловниот и планинскиот туризам, како и на популаризацијата на старите занаети.

Во Општина Струмица ќе бидат развиени и услужните дејности, особено во поглед на консултантските услуги и маркетингот, како и занаетчиските работилници ориентирани кон обезбедување на услуги.

Малите и средни претпријатија ќе бидат моторот на струмичката економија. Важен сегмент на овој пристап е формирањето на Гарантен фонд за поддршка, особено на новите бизниси, а ќе се работи и на засилување на капацитетите на бизнис секторот, особено на неговиот менаџмент.

## *Стратешка цел 4* – Подобрување на квалитетот на живеење на ранливите групи

Општина Струмица ќе обезбеди **подобрување на квалитетот на живеење на ранливите групи,** преку

***1.1.*** ***подобрување на згрижувањето, услугите и заштитата на ранливите групи;***
***1.2.*** ***засилување на капацитетите на ранливите групи;***
***1.3.*** ***активно вклучување на ранливите групи во општественото живеење;***
***1.4.*** ***намалување на штетите од ризично однесување.***

### *Стратешки пристап на национално ниво*

Основни социјални ризици, кои имаат клучно влијание врз создавањето на ранливи групи во Македонија, се ризиците: за здравјето (болест, повреда и инвалидност), стареење (старост и преживување), ризиците за мајчинството и семејството, ризиците од невработеност и од професионална невработеност и од неадаптираност кон социјалната средина.

Системот на социјална заштита во Македонија се заснова врз начелата на: социјална праведност и солидарност, давање посебна заштита на немоќните и неспособните за работа, посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа, како и врз начелата на децентрализација, де-институционализација и плурализација во областа на социјалната заштита.

Сиромашните се клучна ранлива група во државата. Сиромаштијата во Македонија претставува повеќеслоен проблем – кој во себе вклучува економска, социјална, политичка и културна димензија, а воедно е и главниот фактор кој го условува стандардот на живеење на луѓето и го оневозможува еднаквиот третман во уживањето на правата кај одредени поединци, односно групи на поединци.

Во Македонија постои изградена политичка и социјална рамка во која се заштитуваат човековите права, и тоа станува дел од политичката култура и практика. Но, во исто време, останува потребата за развивање на свеста за постоење на маргинализираните и ранливи општествени групи и за нивната положба во општеството.



Во Македонија живеат голем процент на маргинализирани и ранливи општествени групи. Демократската визија на општеството во кое еднаквоста е изворот на демократијата, е сè уште идеал и стандард кој не е целосно прифатен и достигнат.

Како и во голем број други сегменти, состојбата со заштита на интересите на ранливите групи сериозно се разликува од еден до друг регион. И додека одредени локални власти навистина вложуваат напори за заштитата и промовирањето на правата на маргинализираните и ранливи општествени групи, во рамките на своите општини, други само делумно или воопшто не го адресираат прашањето на проблемите со кои се соочуваат овие групи на граѓани во секојдневниот живот.

### *Активности на локално ниво*

Во Општина Струмица, локалната власт ќе биде посветена на подигнување на нивото на заштита на човековите права на маргинализираните и ранливи општествени групи, и ќе им помогне во вклучување во сите сфери на општественото живеење, а посебно во процесот на донесувањето на одлуките.

Основни ранливи групи во Струмица се: социјално загрозените лица, лицата кои злоупотребуваат дрога, алкохол и други психотропни супстанци, лицата жртви на насилство и семејно насилство и лицата насилници, старите лица, лицата со посебни потреби, лицата изложени на социјален ризик и ХИВ/СИДА позитивни лица.

Подобрувањето на згрижувањето, на услугите и на заштитата на ранливите групи ќе биде остварено преку подигнување на јавната свест на граѓаните, зајакнување на постојните и создавање на нови сервиси, како и преку згрижување и развивање на програми за нивно прифаќање и престој.

Во Општина Струмица ќе бидат и засилени капацитетите на ранливите групи, преку овозможување на усовршување и доусовршување, преквалификација и доквалификација и поттикнување на нивното самовработување.

Ранливите групи ќе бидат вклучени во општественото живеење на општината, преку спроведување на постојните закони кои обезбедуваат интеграција, развивање на програми за приоритет на вработување на овие групи.

Во Општина Струмица ќе бидат намалени и штетите од ризично однесување на ранливите групи, преку развој на соодветни програми во оваа насока.

## *Стратешка цел 5* – Обезбедена одржливост на животната средина

Општина Струмица ќе оствари **обезбедување на одржливост на животната средина,** преку:

***1.1. унапредување на просторното и урбанистичкото планирање;***

***1.2. обезбедување на квалитетна инфраструктура;***

***1.3. користење на алтернативни извори на енергија;***

*1.4. **зголемување на процентот на биолошки здраво производство;***

*1.5. **обезбедување на квалитетни услуги во доменот на животната средина.***

### *Стратешки пристап на национално ниво*

Заштитата на животната средина се остварува на национално, регионално и локално ниво во Македонија. Таа е базирана врз принципот на одржлив развој.

Заштитата на животната средина е активност од јавен интерес во Републиката. Секој е должен да обезбеди висок степен на заштита и унапредување на животната средина, а државните органи и локалните власти, во сите политики кои ги дизајнираат во рамките на своите надлежности, ги вклучуваат заштитата и унапредувањето на животната средина, водат сметка за обезбедување на пропорционалност меѓу потребите на развој и потребите на заштита и унапредување на животната средина.

Јавноста има пристап до информациите кои се однесуваат на животната средина, и има право да учествува во носењето на одлуки кои се однесуваат на оваа област.

Целта на просторното и урбанистичко планирање е обезбедување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина.

Просторниот план на Република Македонија обезбедува повисок степен на вкупна функционална интегрираност во државата и обезбедува услови за поголема интеграција на инфраструктурата и економијата на државата -со оние на околните земји и на останатите европски земји.

### *Активности на локално ниво*

Општина Струмица ќе има современо просторно и урбанистичко планирање.

Тоа ќе биде постигнато преку измена и дополнување на деталните урбанистички планови, ставање во функција на електронскиот катастар и урбанистичко решавање на излетничките места.

Инфраструктурата во Општината ќе биде подобрена. Ќе биде изградена нова регионална и локална сообраќајна инфраструктура, вклучително и карго аеродром и хелидром, ќе биде изградена пречис-

тителна станица, ќе биде подобрена водоводната мрежа, а ќе бидат изградени и гасоводна мрежа и инфраструктура на централно греење.



Во Општина Струмица ќе биде раширено користењето на алтернативни извори на енергија. Ќе бидат користени сонцето, ветрот, водата и термалните извори, како и биогоривата и комуналниот отпад за добивање на енергија.

Животната средина ќе биде зачувувана и преку зголемување на процентот на биолошки здраво производство во Општината, што ќе биде постигнато преку стимулирање на земјоделско производство кое не користи хемиски средства, воведување на еко-амбалажа за прехранбените производи и континуирана едукација за биолошко здраво производство.

Услугите кои граѓаните ќе ги добиваат во Општина Струмица во доменот на животната средина ќе имаат висок квалитет. Ќе биде подобрено управувањето со отпадот, потенцијалните загадувачи ќе бидат следени, и таму каде што ќе биде потребно, тие ќе бидат решавани. Особено внимание ќе му биде посветено на управувањето со парковите и шумите во Општината, како и на управувањето со ободните и одводни канали.

# 5. СПРОВЕДУВАЊЕ, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА И РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ПЛАТФОРМАТА

Платформата за развој на Општина Струмица може да биде успешно спроведена само доколку во тоа се вклучат сите релевантни фактори во заедницата. Предводник во спроведувањето ќе биде локалната самоуправа и администрацијата на Општината, но партиципативното планирање и градењето на консензус во целата заедница остануваат клучни за успехот и во фазата на имплементацијата.

Во процесот на остварување на стратешките цели ќе се јави потреба за усогласување на пониските планирачки документи, како што се планските документи на јавните институции и претпријатија, невладиниот и бизнис секторот. Овие заинтересирани страни ќе бидат повикувани да ги земат предвид стратешките цели содржани во овој документ.

Мониторингот на имплементацијата на Платформата ќе биде задолжение на соодветна Комисија, која ќе се состанува најмалку еднаш годишно.

Спроведувањето на Платформата ќе биде мерено во однос на степенот на постигнување на индикаторите наведени во Матрицата од Анекс 1, на годишно ниво.

На годишните сесии на ***Комисијата за мониторинг и евалуација на имплементацијата*** на Платформата ќе бидат усогласувани и измени и дополнувања на документот.

На почетокот на деветта година од имплементацијата на Платформата, ќе започне процесот на планирање на следната Платформа за развој на Општина Струмица.

## *Анекс 1:*
## *Матрица на програми, проекти, индикатори и средства за верификација за остварување на Стратешките цели за развој на Општина Струмица*

| Стратешка цел | Програма | Проект | Индикатор | Средства за верификација |
|---|---|---|---|---|
| **1**<br><br>**Висок процент на писменост и квалитетно образование** | **1.1.**<br><br>**Висок опфат во основното и средното образование** | 1.1.1.<br>Општа едукација и подигнување на свеста за потребата од основно и средно образование | - % на население со завршено ОО<br>- стапка на упис во ОУ и СУ од етничките групи (Роми и Турци) и ранливи групи<br>- % на население со завршено СО<br>- стапка на завршено ОО и СО на етничките групи<br>- % на вработување на лица со завршено ОО и СО<br>- % на писменост на лицата од 15 до 24 год. возраст распределена по родова, социјална и етничка припадност<br>- соодност помеѓу лицата кои се запишале и оние кои се откажале од основно образование<br>- % на уписи во основното и средното образование, распределени по род, етничка припадност и социјален статус<br>- соодност помеѓу момчиња и девојчиња во основното и средното образование<br>- % на деца со посебни потреби кои посетуваат средно образование | - извештаи од училиштата и ДЗС<br><br>- Агенција за вработување и ДЗС |
| | | 1.1.2.<br>Проширување на училишните капацитети | - број на училници и паралелки<br>- постоење на обезбеден простор за деца со посебни потреби<br>- број на нови вработувања<br>- % на учество на јавните расходи во основното и средното образование | - извештаи од училиштата, регистар за водење на евиденција на училиштата и Агенција за вработување |
| | | 1.1.3.<br>Кампања во ОУ за потребата од продолжување на школувањето во СО | - % на ученици со завршено ОО кои се запишани во СО<br>- % на ученици со завршено средно во однос на бројот на запишани во СО<br>- % на уписи во основното образование<br>- соодност помеѓу лицата кои се запишале и оние кои се откажале од основно образование<br>- % на уписи во средното образование, распределени по социјален статус<br>- соодност помеѓу момчиња и девојчиња во средното образование<br>- соодност помеѓу писмени момчиња и девојчиња на возраст од 15 до 24 год. | - извештаи од СУ |
| | | 1.1.4.<br>Воведување на нови струки и занимања во средните училишта | - бр. на воведени нови струки и занимања<br>- % на ученици опфатени во нови струки и занимања од вкупниот број ученици во СО | - Општински и Централен регистар<br>- извештаи од средните училишта |
| | | 1.1.5.<br>Формирање на општински фонд за образование | - број на доделени стипендии и кредити на ученици<br>- број на обезбедени бесплатни учебници<br>- број на ученици кои се запишани во сите степени на образование<br>- број на ученици во основно и средно образование кои користат бесплатни книги<br>- просечен износ на школарина кој го плаќаат учениците во средното образование<br>- број на ученици во државните средни училишта кои не плаќаат школарина, распределен по род, етничка припадност и социјален статус | - извештај од општинскиот фонд<br>- извештај од училиштата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **1.2.**<br><br>**Развивање на програми за образование на возрасни и доживотно учење** | 1.2.1.<br><br>Подигнување на свеста за важноста на образованието за возрасни и на доживотното учење | - број на стимулативни програми<br>- % на лица со дооформено основно образование кај возрасните<br>- % на доквалификации и преквалификации кај работоспособните лица<br>- % на работоспособно население опфатено во процесот на доживотно учење (преку курсеви)<br>- % на вработени лица од оние кои биле дел од програмите за доквалификација и преквалификација<br>- % на писменост помеѓу возрасните<br>- соодност помеѓу писмени момчиња и девојчиња на возраст од 15 до 24 год. | - извештај на имплементирачки организации, ЛС, установи за вршење на оваа дејност<br>- издадени уверенија<br>- Агенција за вработување |
| | | 1.2.2.<br>Градење на капацитетите за вршење на образование на возрасни и доживотно учење | - број на лица кои активно се занимаваат со образование на возрасни и доживотно учење и кои поминале соодветни обуки<br>- број на реализирани обуки<br>- % на писменост помеѓу возрасните<br>- соодност помеѓу писмени момчиња и девојчиња на возраст од 15 до 24 год. | - извештаи на имплементирачки организации |
| | | 1.2.3.<br>Програми за зголемување на конкурентноста на пазарот преку потребните преква-лификација и доква-лификација | - број на програми<br>- број на пријавени лица со соодветно образование на објавените побарување на пазарот на трудот | - извештај на ЛС<br>- Агенција за вработување |
| | **1.3.**<br><br>**Подобрување на условите за образование** | 1.3.1.<br>Изградба, доградба и реновирање на училишните објекти | - број на изградени и реновирани училишни објекти<br>- бр. на изградени сали за настава по ФЗО<br>- % на учество на јавните расходи во основното и средното образование | - Централен и Општински регистар за училиштата |
| | | 1.3.2.<br>Осовременување на наставниот процес | - број на компјутери во училиштата во однос на бројот на ученици<br>- број на целосно опремени кабинети<br>- % на часови на кои се користи современа настава<br>- учество на јавните расходи во основното и средното образование | - основни податоци за дејноста на училиштето<br>- педагошка евиденција и документација на училиштето |
| | | 1.3.3.<br>Перманентна едукација на човечките ресурси во образованието | - број на спроведени обуки<br>- % на опфатен наставен кадар<br>- % на примена на нови методи и техники во наставата (современа настава)<br>- % на реализација на годишната програма за работа на училиштата | - педагошка евиденција и документација на училиштето<br><br>- годишни извештаи за работа на училиштата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **1.4.**<br><br>**Развивање на високото образование** | 1.4.1. Промовирање на можностите за развивање на ВО институции | - број на остварени контакти со домашни и среански високообразовни институции<br>- број на остварени контакти со стратешки партнери<br>- број на субјекти заинтересирани за развивање на ВО | - -звештај од ЛС |
| | | 1.4.2. Обезбедување на поволности за отворање на ВО институции | - број на лица од општината со соодветно образование за вршење на дејноста<br>- број на проекти на општината за техничка поддршка за развивање на високото образование | - ЛС и Агенција за вработување |

## Меѓународни документи за човекови права релевантни за стратешка цел 1:

ПЕСКП – Пакт за економски, социјални и културни права
ПГПП – Пакт за граѓански и политички права
КПД – Конвенција за правата на детето
КЕСФДЖ – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените
КЕСФРД – Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација
Конвенција на УНЕСКО против дискриминација во образованието
ИЛО Конвенција бр. 138 која се однесува на минималната возраст при вработување
ИЛО Конвенција бр. 182 која се однесува на забрана и неодложна акција против елиминација на најтешките форми на детски труд
Прв протокол кон ЕКЧП
Европска социјална повелба
Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства

| Стратешка цел | Програма | Проект | Индикатор | Средства за верификација |
|---|---|---|---|---|
| **2**<br><br>**Квалитетен регионален здравствен систем достапен за сите граѓани** | **2.1.**<br><br>**Подобрување на здравственото воспитување** | 2.1.1.<br>Едукација за инфективни, хронични, малигни и други болести | - број на реализирани едукативни програми<br>- број на стручни лица вклучени во програмите<br>- број на население опфатено со едукативните програми<br>- % на смртност поврзана со заразни болести<br>- број на лица вакцинирани против заразни болести | - извештаи од медиуми<br>- извештаи од здравствените организации<br>- извештаи од МЗ<br>- извештаи на советодавни институции (сервиси) |
| | | 2.1.2.<br>Информираност за актуелности од областа на здравството на локално ниво | - број на реализирани информативни кампањи<br>- број на вклучени медиуми во кампањите<br>- број на опфатени лица со кампањите<br>- број на спроведени анкети<br>- број на лица опфатени со анкетите | - извештаи на ОУ и УСО<br>- извештаи на НВО<br>- извештаи на работни организации |
| | | 2.1.3.<br>Заштита на мајчинството | - % на наталитет<br>- % на перинатален морталитет<br>- број на програми за советување на мајки<br>- број на мајки опфатени со програмите<br>- % на наталитет<br>- % на смртност кај доенчињата<br>- % на смртност кај децата до 5-годишна возраст<br>- % на смртност кај мајките<br>- % на породувања проследени од квалификувано медицинско лице<br>- % на мајки кои имаат пристап до установи за пренатална и постнатална медицинска грижа<br>- % на жени и мажи третирани во здравствени установи | - извештај на РЗС<br>- извештај на Општа болница<br>- извештај од МВР<br>- извештај на НВО |
| | | 2.1.4.<br>Промовирање на здрав стил на живеење | - број на програми во ОУ<br>- број на програми во СУ<br>- број на програми за ромското население<br>- број на програми за маргинализираните групи (комерцијални сексуални работници и интравенозни корисници на дроги)<br>- број на лица опфатени со поединечните програми<br>- % на смртност поврзана со заразни болести<br>- број на лица вакцинирани против заразни болести<br>- број на сиромашни лица кои немаат никакво здравствено осигурување<br>- број на сиромашни лица кои имаат пристап до основни лекарства | - извештај на ОУ, УСО, НВО |
| | | 2.1.5.<br>Поттикнување на солидарноста | - број на крводарители<br>- број на лица кои донираат во различни области на здравството | - извештај на Службата за трансфузиологија<br>- извештај на Црвениот Крст<br>- извештај на НВО и на ЛС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2.2.**<br><br>**Зголемување на превентивата во здравствениот систем** | 2.2.1.<br>Висок опфат и редовност на вакцинација | - % на вакцинација по возрасни групи<br>- број на реализирани едукативни програми за значењето на вакцинацијата<br>- број на лица опфатени со новововедени вакцини<br>- број на лица опфатени со сезонски вакцини | - извештај на Службата за вакцинација при Здравствен дом<br>- извештај на РЗЗЗ, ЗЗЗ Струмица |
| | | 2.2.2.<br>Активности против болести на зависност | - број на реализирани едукативни програми во ОУ и УСО<br>- број на лица опфатени со програмите<br>- број на програми за ромската популација<br>- број на програми за маргинализирани групи<br>- број на советодавни канцеларии во УСО<br>- број на лица опфатени во програмата за размена на опрема (за интравенски корисници)<br>- број на лица опфатени со метадонска терапија<br>- број на сиромашни лица кои немаат никакво здравствено осигурување<br>- број на сиромашни лица кои имаат пристап до основни лекарства | - извештај на НВО, Центар за метадонска терапија, извештај на УСО<br>- извештај на центри за ментално здравје<br>- извештај на тераписка заедница |
| | | 2.2.3.<br>Редовни систематски прегледи кај различни возрасни групи и за различна патологија | - број на програми за скрининг тестирања по патологија<br>- број на програми за скрининг тестирања по возрасни групи<br>- % на лица опфатени со тие програми<br>- број на програми во ОУ и УСО | - извештај на здравствените организации, ОУ и УСО |
| | | 2.2.4.<br>Отворање на советодавни центри | - број на новоотворени центри<br>- број на лица опфатени во центрите | - извештај на НВО и ЛС |
| | **2.3.**<br><br>**Подигнување на квалитетот на ресурсите во здравството** | 2.3.1.<br>Квалитативно и квантитативно засилување на човечките ресурси | - број на суспецијалисти по одредена област<br>- број на лица за доквалификација со ССС и ВСС<br>- број на здравствени домови по 1.000 лица<br>- број на лекари по 1.000 лица | - извештаи на здравствени организации, медицински факултети, виши медицински школи |
| | | 2.3.2.<br>Обезбедување и развој на инфраструктура и технологија | - изготвување на програма на ЛС за развој на инфраструктура и технологија<br>- отворање на клинички центар<br>- број на воведени нови дијагностички техники<br>- % на учество на јавните расходи во примарната здравствена заштита | - извештај на ЛС, здравствени организации |
| | | 2.3.3.<br>Проширување на мрежата на здравствени организации | - изготвување на програми за здравје за сите во Струмичкиот регион до 2015<br>- број на новоотворени здравствени организации во руралните средини<br>- број на лица опфатени во новоотворените здравствени организации<br>- % на учество на јавните расходи во примарната здравствена заштита<br>- број на здравствени домови по 1.000 лица<br>- број на лекари по 1.000 лица | - извештај на ЛС, на месни заедници во тие рурални средини |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2.4.**<br><br>**Висок степен на тран-спарентност и инфор-мираност во областа на здравствениот систем** | 2.4.1.<br>Формирање на служба за информирање во здравствените организации | - број на изготвени билтени (месечни и годишни)<br>- број на реализирани информативни трибини<br>- број на реализирани информативни медиумски кампањи | - извештај од реализирани трибини, од користените медиуми, од здравствените организации, ЛС |
| | | 2.4.2.<br>Подигнување на свесноста за правата на пациентите | - број на пациенти опфатени со кампањата | - извештај на НВО што ја спроведува |

## Меѓународни документи за човекови права релевантни за стратешка цел 2:

ПЕСКП – Пакт за економски, социјални и културни права

ПГПП – Пакт за граѓански и политички права

КПД – Конвенција за правата на детето

КЕСФДЖ – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените

КЕСФРД – Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација

ЕЧКП – Европска конвенција за човекови права и основни слободи

Европска социјална повелба

| Стратешка цел | Програма | Проект | Индикатор | Средства за верификација |
|---|---|---|---|---|
| **3**<br><br>**Намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста** | **3.1.**<br><br>**Создавање на поволна бизнис клима** | 3.1.1.<br>Формирање на слободна економска зона | - број на фирми кои инвестираат во зоната<br><br>- број на нововработени лица во зоната | - извод од Централен регистар, извештај на ЛС – Одделение за урбанизам<br><br>- извештај на Агенцијата за вработување |
| | | 3.1.2.<br>Промовирање на можности за инвестиции во регионот | - изработена студија за компаративна анализа<br><br>- број на извршени промоции | - тим за изработка на студијата<br><br>- извештаи на медиуми и други субјекти |
| | | 3.1.3.<br>Бенефиции за стопанските субјекти | - број на брендирани локални производи<br><br>- % на намалување на локални даноци и такси<br><br>- број на промотивни активности | - извештај на ЛС, РЗС, Државен завод за индустриска сопственост<br>- извештај на Одделение за локални даноци и такси<br><br>- ЛС и граѓански организации |
| | | 3.1.4.<br>Создавање инфо-центар со едношалтерски систем | - број на корисници на услуги на центарот<br><br>- % на баратели на услуги кои истите ги добиле во задоволителен рок | - документација на инфо-центарот<br><br>- документација на инфо-центарот и анкети и истражувања |
| | | 3.1.5.<br>Развој на корпоративна општествена одговорност | - број на субјекти кои се КОО<br>- количина на донирани финансиски средства од КОО<br>- број на вработени кои примаат минимален загарантиран приход<br>- број на вработени кои се социјално, пензиско и здравствено осигурени<br>- број на вработени кои се заштитени со работното законодавство од неправично отпуштање од работа<br>- бенефициран работен стаж за мажите и жените | - УЈП и Централен регистар<br><br><br>- Централен регистар |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **3.2.**<br><br>**Развој на руралните средини** | 3.2.1.<br>Поттикнување на инвестициите во стопанските капацитети во руралните средини | - број на новоотворени капацитети<br>- број на нововработени лица од руралните средини во тие капацитети<br>- % на жени вработени во новоотворените капацитети<br>- % на етнички малцинства вработени во новоотворените капацитети | - Централен регистар и Агенција за вработување |
| | | 3.2.2.<br>Изградба на квалитетна инфраструктура во населените места | - должина на новоизградени патишта<br>- должина на новоизградени каналска и водоводна мрежа<br>- должина на новоизградени мрежа за наводнување<br>- број на лица – припадници на етничките малцинства кои живеат во овие населени места | - Одд. за комунално уредување – ЛС<br><br>- Одд. за комунално уредување – ЛС<br>- Струмички слив,<br>водни заедници |
| | | 3.2.3.<br>Изградба на Центар за откуп и пласман на земјоделски производи | - % на откупени количини земјоделски производи<br>- број на нововработени лица<br>- % на зголемен извоз на земјоделски производи<br>- % на жени вработени во новоотворените капацитети<br>- % на етнички малцинства вработени во новоотворените капацитети | - Центар за откуп и пласман<br><br>- Агенција за вработување<br><br>- Царина и фито служба |
| | | 3.2.4.<br>Развој на сточарството | - зголемување на % на сточен фонд во однос на постојниот<br>- зголемени количини на сточарски производи<br>- број на регистрирани грла/глави | - МЗШВ, Ветеринарна станица<br>- откупувачи и преработувачи<br>- МЗШВ, Ветеринарна станица |
| | | 3.2.5.<br>Воведување на нови земјоделски култури | - број на едуцирани земјоделци за нови култури<br>- број на новововедени култури | - организатори на обуки<br>- МЗШВ, Завод за статистика, аптеки/увозници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **3.3.**<br><br>**Развој на алтернативниот туризам** | 3.3.1.<br>Афирмација на старите занаети | - број на новоотворени работилници<br>- број на продажни места на производи<br>- број на изработени предмети<br>- % на жени и етнички малцинства вработени<br>во новоотворените капацитети | - Централен регистар<br>- Комора на занаетчии<br><br>- Комора на занаетчии<br>- Комора на занаетчии, Завод за статистика |
| | | 3.3.2.<br>Селски туризам | - број на капацитети во руралните средини<br>- број на вклучени домаќинства<br>- % на зголемен приход од селскиот туризам<br>- број на туристи<br>- број на туристички агенции кои работат со алтернативен туризам | - Туристички сојуз,<br>тур-оператори<br>- извршувачи на анкети, УЈП и Туристички сојуз<br>- МВР и Туристички сојуз<br>- Централен регистар и Туристички сојуз |
| | | 3.3.3.<br>Манастирски и археолошки туризам | - број на капацитети во руралните средини<br>- број на вклучени домаќинства<br>- % на зголемен приход од манастирскиот и археолошкиот туризам<br>- број на туристи<br>- број на туристички агенции кои работат со алтернативен туризам | |
| | | 3.3.4.<br>Бањски туризам | - број на капацитети во руралните средини<br>- број на вклучени домаќинства<br>- % на зголемен приход од бањскиот туризам<br>- број на туристи<br>- број на туристички агенции кои работат со алтернативен туризам | |
| | | 3.3.5.<br>Ловен и планински туризам | - број на издадени дозволи за лов и риболов | - ловни и риболовни друштва |
| | **3.4.**<br><br>**Развој на услужни дејности** | 3.4.1.<br><br>Развој на консултантски услуги | - број на регистрирани консултантски фирми<br>- број на вработеи лица во секторот на консултантски услуги<br>- број на вработеи лица во секторот на консултантски услуги по категориите род и етничка припадност<br>- број на регистрирани корисници | - Централен регистар<br><br>- Агенција за вработување, ПИОМ<br><br>- Консултантски фирми |
| | | 3.4.2.<br>Развој на маркетингот | - број на маркетинг фирми<br>- број на реализирани проекти/кампањи | - Централен регистар, Завод за статистика<br>- маркетинг фирми, медиуми |
| | | Развој на занаетчиството | - број на новоотворени занаетчиски работилници<br>- број на вработени лица<br>- % на жени и етнички малцинства вработени во новоотворените капацитети | - Комора на занаетчии, Централен регистар<br>- Агенција за вработување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **3.5.**<br><br>**Развој на мали и средни претпријатија** | 3.5.1.<br>Формирање на Гарантен фонд за поддршка | - број на корисници на Фондот<br>- буџет на фондот<br>- број на донатори на Фондот | - извештај на Фондот |
| | | 3.5.2.<br>Засилување на капацитети во бизнис секторот | - број на едуцирани лица од бизнис секторот<br>- број на воведени нови технологии<br>- број на имплементирани стандарди<br>- број на жени , припадници на етничките малцинства и социјални случаи – корисници на фондот | - организатори на обуки<br>- креиран нов производ<br>- Министерство за економија, Стопанска комора |

## Меѓународни документи за човекови права релевантни за стратешка цел 3:

ПЕСКП – Пакт за економски, социјални и културни права

ПГПП – Пакт за граѓански и политички права

КПД – Конвенција за правата на детето; КЕСФДЖ – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените

КЕСФРД – Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација;

Европска социјална повелба

| Стратешка цел | Програма | Проект | Индикатор | Средства за верификација |
|---|---|---|---|---|
| **4**<br><br>**Подобрување на квалитетот на живеење на ранливите групи** | **4.1.**<br><br>**Подобрување на згрижувањето, услугите и заштитата на ранливите групи** | 4.1.1.<br>Подигање на јавната свест на граѓаните | - број на формирани фокус-групи<br>- број на јавни кампањи, трибини, семинари, работилници<br>- број на ТВ-емисии, радиопрограми...<br>- програми за дестигматизација и маргинализација<br>- број на сиромашни луѓе кои сметаат дека се дискриминирани во јавниот и културниот живот<br>- број на сиромашни и социјално неприфатени лица | - програма за дестигматизација и надминување на предрасудите<br>- извештај од одржани работилници, семинари, јавни дебати, листи на присуство, евалуациони листи<br>- извештај од ТВ и радиокуќи<br>- одржан јавен настан |
| | | 4.1.2.<br>Зајакнување на постојните и создавање на нови сервиси | - број на новоотворени дневни центри<br>- број на постојни дневни центри кои се реадаптирани во современи и стручно екипирани<br>- број на СОС телефон линии<br>- број на отворени советувалишта | - извештај од телефонски јавувања<br>- извештај од корисниците кои добиле соодветна услуга |
| | | 4.1.3.<br>Згрижување на ранливите групи | - постоење на Фонд за здравствена заштита на ранливите групи<br>- % на здравствено згрижени лица од вкупната популација на ранливи<br>групи на кои им е потребна здравствена заштита<br>- број на сиромашни лица кои немаат никакво здравствено осигурување<br>- број на сиромашни лица кои имаат пристап до основни лекарства<br>- % на жени и мажи третирани во здравствени установи | - извештај на Фондот<br>- статистички податоци од поднесени барања |
| | | 4.1.4.<br>Програми за прифаќање<br>и престој на ранливите групи | - број на отворени прифатилишта за реинтеграција и ресоцијализација на ранливите групи<br>- број на отворени прифатни центри за престој на ранливите групи<br>- број на станбени згради во кои живеат сиромашни, а кои се пристапни за лицата со физички инвалидитет/хендикеп<br>- број на сиромашни и социјално неприфатени лица<br>- % на бездомници во вкупната популација<br>- број на кревети во прифатилиштата по бездомник<br>- $м^2$ на животен простор по сиромашно лице или домаќинство<br>- % на лица од вкупната популација кои имаат одредено сопственичко право врз недвижен имот | - програма за прифаќање и престој на ранливите групи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **4.2.**<br><br>**Засилување на капацитетите на ранливите групи** | 4.2.1.<br>Усовршување и доусовршување во образовниот процес | - број на лица со незавршено основно и средно образование<br>- број на лица вклучени во програмите за доживотно образование<br>- број на ученици во основно и средно образование<br>кои користат бесплатни книги<br>- број на ученици во државните средни училишта<br>кои не плаќаат школарина<br>- просечен износ на школарина кој го плаќаат учениците<br>во средното образование<br>- број на ученици во државните средни училишта кои не<br>плаќаат школарина, распределен по социјален статус<br>- учество на јавните расходи во основното и средното образование<br>- % на уписи во средното образование,<br>распределен по социјален статус<br>- соодное помеѓу момчиња и девојчиња во<br>основното и средното образование<br>- соодное помеѓу писмени момчиња и<br>девојчиња на возраст од 15 до 24 год.<br>- стапка на деца со посебни потреби кои<br>посетуваат средно образование | - уверенија за завршено образование или обука |
| | | 4.2.2.<br>Преквалификација и доквалификација | - број на одржани работилници и обуки<br>- број на квалификувани лица | - извештаи од одржани обуки и работилници |
| | | 4.2.3.<br>Поттикнување на самовработување | - број на отворени работни единици – погони,<br>занаетчиски работилници,<br>работа во домашни услови<br>- број на отворени информативни центри<br>- % на невработеност<br>- % на подвработеност<br>- % на учество на сиромашните на пазарот на работна сила<br>- број на вработени кои примаат<br>минимален загарантиран приход<br>- број на вработени кои се социјално, пензиско и<br>здравствено осигурени<br>- број на вработени кои се заштитени со работното<br>законодавство од неправично отпуштање од работа<br>- % на учество на мажите и жените како работна сила<br>- просечни примања на мажите и жените во<br>различни стопански дејности<br>- учество на сиромашните како работна сила распределено по род<br>- бенефициран работен стаж за мажите и жените | - извештај на ЛС и на ДЗС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **4.3.**<br><br>**Активно вклучување на ранливите групи во општественото живеење** | 4.3.1.<br>Лобирање и застапување за имплементација на постојните закони | - број на вклучени лица во политичкиот, општествениот и социјалниот живот<br>- број на одржани дебати, тркалезни маси, контакти, ТВ и радиоемисии со вклучени релевантни владини институции и засегнатите страни<br>- број на вработени кои се социјално, пензиско и здравствено осигурени<br>- број на вработени кои се заштитени со работното законодавство од неправично отпуштање од работа | - донесени или усвоени амандмани или подзаконски акти кои се резултат на лобирањата |
| | | 4.3.2.<br>Изработка на развојни програми на локално ниво со приоритет на вработувањето на ранливите групи | - број на развојни програми<br>- број на нововработени лица од ранливите групи<br>- % на невработеност<br>- % на подвработеност<br>- % на учество на сиромашните на пазарот на работна сила<br>- број на вработени кои примаат минимален загарантиран приход<br>- број на вработени кои се социјално, пензиско и здравствено осигурени<br>- број на вработени кои се заштитени со работното законодавство од неправично отпуштање од работа<br>- % на учество на мажите и жените како работна сила<br>- просечни примања на мажите и жените во различни стопански дејности<br>- учество на сиромашните како работна сила распределено по род<br>- бенефициран работен стаж за мажите и жените | - донесена развојна програма<br>- анкети и истражувања<br>- извештај од Агенцијата за вработување |
| | | 4.3.3.<br>Висок степен на вклучување во јавниот живот | - број на лица вклучени во јавниот живот<br>- број на теренски истражувања<br>- број на сиромашни и социјално неприфатени лица<br>- број на сиромашни луѓе кои сметаат дека се дискриминирани во јавниот и во културниот живот | - извештај од теренски истражувања |
| | **4.4.**<br><br>**Намалување на штети од ризично однесување** | 4.4.1.<br>Развивање на програми за намалување на штети од ризично однесување | - број на имплементирани програми во општината<br>- број на вклучени граѓани и организации и јавни институции во спроведувањето на програмите | - донесени програми |

## Меѓународни документи за човекови права релевантни за стратешка цел 4:

ПЕСКП – Пакт за економски, социјални и културни права

ПГПП – Пакт за граѓански и политички права

КПД – Конвенција за правата на детето

КЕСФДЖ – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените

КЕСФРД – Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација

ЕЧКП – Европска конвенција за човекови права и основни слободи

Европска социјална повелба

Прв протокол кон ЕЧКП

Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства

Конвенција на УНЕСКО против дискриминација во образованието

| Стратешка цел | Програма | Проект | Индикатор | Средства за верификација |
|---|---|---|---|---|
| **5**<br><br>**Обезбедена одржливост на животната средина** | **5.1.**<br><br>**Унапредување на просторното и урбанистичкото планирање** | 5.1.1.<br>Измена и дополнување на деталните урбанистички планови | - изготвени измени и дополнувана на ДУП за 24 блока за градот Струмица и за 3 населени приградски места<br>- број на домаќинства со пристап до вода за пиење, санитарен јазол, асфалтирани патишта и електрична енергија | - одлуки на Советот на ЛС и изготвена Интернет-страница со отворен пристап |
| | | 5.1.2.<br>Ставање во функција на електронски катастар | - воведено користење на ГИС техника<br>- изготвени електронски подлоги за цела Струмица | - одлука на Владата на РМ и изготвена Интернет-страница со отворен пристап |
| | | 5.1.3.<br>Урбанистичко решавање на излетнички места | - комплетно урбанистички решени<br>3 излетнички места | - одлуки на Советот на ЛС и изготвена Интернет-страница со отворен пристап |
| | **5.2.**<br><br>**Обезбедување на квалитетна инфраструктура** | 5.2.1.<br>Подобрување на локалната и регионалната сообраќајна инфраструктура | - изграден аеродром и хелиодром<br>- изградена пристапна сообраќајница до аеродромот<br>- изграден заобиколен пат околу Струмица<br>- број на километри реконструирани и доградени улици и тротоари<br>- број на домаќинства со пристап до вода за пиење, санитарен јазол, асфалтирани патишта и електрична енергија | - извршен технички прием и ставен во употреба |
| | | 5.2.2.<br>Прифаќање на отпадните води<br>во пречистителна станица | - изградена пречистителна станица<br>- број на километри канали за прифаќање на отпадни води и нивен довод до пречистителна станица<br>- број на сиромашни домаќинства на 5 км од ризично место<br>- број на домаќинства со пристап до вода за пиење, санитарен јазол, асфалтирани патишта и електрична енергија | - извршен технички прием и ставен во употреба |
| | | 5.2.3.<br>Подобрување на водоводната инфраструктура | - број на населени места прифатени и решени со квалитетна вода за пиење<br>- број на домаќинства со пристап до вода за пиење, санитарен јазол, асфалтирани патишта и електрична енергија | - извршен технички прием и ставен во употреба |
| | | 5.2.4.<br>Изградба на гасоводен систем | - изградена гасификациона мрежа за град Струмица<br>- број на сиромашни домаќинства на 5 км од ризично место | - извршен технички прием и ставен во употреба |
| | | 5.2.5.<br>Изградба на систем за централно градско греење | - ставено во функција централно градско греење | - извршен технички прием и ставен во употреба |
| | **5.3.**<br><br>**Користење на алтернативни извори на енергија** | 5.3.1.<br>Искористување на комуналниот отпад за добивање на енергија | - изградена фабрика за преработка на отпад и добивање на енергија<br>- број на сиромашни домаќинства на 5 км од ризично место | - извршен технички прием и ставен во употреба |
| | | 5.3.2.<br>Искористување на сонцето, ветрот и водата како извори на енергија | - воведен соларен систем за затоплување на водата во здравствени домови и училишта<br>- број на активирани хидротурбини<br>- изготвена студија за користење на ветерот како дополнителен извор на енергија | - финансиски извештаји за намалени трошоци во здравствени организации и училишта<br><br>- извршен технички прием и ставен во употреба<br><br>- архивиран документ во ЛС |
| | | 5.3.3.<br>Искористување на топлите води како извор на енергија | - изграден систем за користење на топлите води во село Банско<br>- изработена студија за користење на нови извори на топла вода | - доделена концеција за користење на топлите води<br>- извршен технички прием и ставен во употреба |
| | | 5.3.4.<br>Користење на биогорива како извор на енергија | - изградена фабрика за производство на биогориво<br>- преработено ѓубриво во тони<br>- % на употребено биогориво во однос на вкупно искористени горива | - извршен технички прием и ставен во употреба<br>- извештај за работа на фабриката и на НВО |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **5.4.**<br><br>**Зголемување на процентот на биолошки здраво производство** | 5.4.1.<br>Стимулирање на земјоделско производство без користење на хемиски средства | - % на регистрирани земјоделци кои произведуваат здрава храна<br>- % на површини наменети за производство на здрава храна | - извештај на подрачна единица на МзЗ |
| | | 5.4.2.<br>Воведување на екоамбалажа за прехранбени производи | - % на калибрирано и сортирано земјоделско и индустриско производство | - извештај на подрачна единица на МзЗ |
| | | 5.4.3.<br>Континуирана едукација за биолошки здраво производство | - број на формирани брендови „Струмичка здрава храна“<br>- број на луѓе кои имаат пристап до информации и учествуваат во јавни и едукативни кампањи кои се однесуваат на здрава исхрана и контрола на квалитетот на храната | - извештај од Агенцијата за индустриска сопственост и од Заводот за заштита на патенти |
| | **5.5.**<br><br>**Обезбедување на квалитетни услуги во доменот на животната средина** | 5.5.1.<br>Подобрување на управувањето со отпадот | - целосно селектиран отпад во примарно и секундарно прифаќање<br>- број на воведени контејнери стакло/пластика/хартија/цврст отпад | - извештај на ЈП за КД Струмица |
| | | 5.5.2.<br>Следење на потенцијалните загадувачи и нивно решавање | - број на формирани и опремени станици за следење на загадувањето<br>- број на редовни извештаи и препораки за загадувањето | - извештај од МзЗЖС |
| | | 5.5.3.<br>Подобрување на управувањето со паркови и шуми | - број на засадени нови шуми<br>- број на зголемени зелени површини во однос на постојните и слободни површини | - извештај на ЈП за КД Струмица |
| | | 5.5.4.<br>Подобрување на управувањето со ободни и одводни канали | - % на исчистени ободни и одводни канали<br>- број на изградени нови канали | - извештај на ЈП за КД Струмица |

## Меѓународни документи за човекови права релевантни за стратешка цел 5:

ПЕСКП – Пакт за економски, социјални и културни права

ПГПП – Пакт за граѓански и политички права

КПД – Конвенција за правата на детето

КЕСФДЖ – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените

КЕСФРД – Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација

ЕЧКП – Европска конвенција за човекови права и основни слободи

## *Анекс 2 – Лица вклучени во изработката на Платформата за развој на Општина Струмица*

Тони Милушев – координатор на проектните активности во Општина Струмица

## *Локална лидерска група за Општина Струмица*

### Локална самоуправа:

1. Кирил Парталов – секретар на Општина Струмица – претседател на ЛЛГ
2. Ленче Трајкова – советник за здравствена и социјална заштита
3. Соња Чурлинова – советник за образование
4. Елизабета Дончевска Лушин

### Подрачни единици на релевантните министерства:

**Центар за социјални работи**

1. Сократ Манчев – дипл. психолог – член

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

2. Лоренс Панзов – дипл. зем. инженер – раководител на подрачна единица

**ЈЗО Општа болница**

3. Д-р Лилјана Манинска – специјалист за инфективни болести

**ЈЗО Здравствен дом**

4. Елица Станишлевиќ – специјалист педијатар

## Јавен сектор:

**А.Д. Жито Струмица – Струмица**

1. Снежана Манчева – дипл. економист – раководител на финансии и сметководство

**А.Д. Герас Цунев – Струмица**

2. Атуш Сулејманова – дипл. економист

**Електростопанство на Македонија – Подружница Струмица**

3. Благица Димитриева – дипл. економист – референт за план и анализа

**Македонски телекомуникации – Подружница Струмица**

4. Горги Токарев – дипл. електроинженер – раководител на Службата за обезбедување услуги и одржување

**ЈПКД Комуналец – Струмица**

5. Лора Ѓотева – дипл. правник – раководител на правна служба

**ЈПССДП - Стумица**

6. Илија Русев – дипл. економист, ЈПССДП (станбено) – Струмица

## Граѓански сектор:

1. Весна Петкова – Продолжен живот
2. Митко Николов – Центар за поддршка на НВО
3. Сократ Манчев – Избор /Здружение за советување на лица зависници од droги и други психоактивни супстанции
4. Загорка Алаџова – Здружение за телесно инвалидизирани лица
5. Соња Сачевска – Порака – деца со посебни потреби
6. Миле Трајков – Планетум – еколошко здружение
7. Ванчо Митев – Екоградинар – земјоделско здружение
8. Јашар Абдиев – Шукри рамо – хуманитарно здружение
9. Иринка Трајкова – Организација на жени

## *Тим на локални обучувачи*

1. Александар Лазаров;
2. Марија Пишева;
3. Тена Зафирова;
4. Ленче Христова;
5. Митко Шопов;
6. Вина Ангеловиќ;
7. Татјана Андреевска;
8. Тања Ѓуровска;
9. Славе Ѓоргиев.

## *Тим за подготовка на Платформата за развој на Општина Струмица*

1. Кирил Нејков – консултант и фацилитатор;
2. Нинослав Младеновиќ – советник за човекови права во БИМ-ФВ;
3. Винка Ангеловиќ – кофацилитатор на партиципативните работилници;
4. Марија Пишева – кофацилитатор на партиципативните работилници;
5. Ленче Христова – кофацилитатор на партиципативните работилници;
6. Митко Шопов – кофацилитатор на партиципативните работилници.

## *Анекс 3:*
## *Преглед на Проектот на БИМ-ФВ во Македонија*

Истражувачката асоцијација при Институтот за човекови права Лудвиг Болцман од Виена (БИМ-ФВ) е основана во 1996 година, под капата на друштвото на Лудвиг Болцман, со примарна цел спроведување независни истражувачки активности, обуки и советувања на полето на човековите права.

Институтот за човекови права Лудвиг Болцман (БИМ) посветува најголемо внимание на истражувачката дејност на полето на човековите права, и тоа, како на национално така и на европско и меѓународно ниво. Членовите на БИМ се, исто така, дополнително ангажирани во обуки и изучување на човековите права, а властите во Австрија и надвор од Австрија редовно ги вклучуваат во својство на советници и обучувачи во областа на човековите права, владеењето на правото и демократизацијата.

БИМ се обид[1]ува да воспостави врска помеѓу академската заедница и оние кои се одговорни за спроведување на правната регулатива. За таа цел, значителен дел од работата на БИМ е посветен на емпириските истражувања и на спроведување конкретни проектни активности од фундаментално значење за промовирањето и развојот на човековите права. Воедно, БИМ, во соработка како со национални и меѓународни институции, така и со невладини организации, подготвува студии и анализи и обезбедува податоци за прашањата кои се однесуваат на човековите права во области какви што се меѓународното право, политиката, образованието и медиумите.

БИМ-ФВ, како член на Мрежата за борба против расизмот и ксенофобијата (РАХЕН), во рамките на Европскиот центар за набљудување и следење на расизмот и ксенофобијата (ЕУМЦ), е фокусиран и на изучување на човековите права и поттикнување на развојот на граѓанското образование во училиштата.

Главен акцент на активностите на БИМ-ФВ во Македонија е ставен на спроведување на проектот *Човековите права и намалувањето на сиромаштијата во Македонија,* во согласност со *Принципите и упатствата за пристапот заснован на човекови права во стратегиите за намалување на сиромаштијата*[1]. Овој проект се спроведува во тесна соработка со УНДП – Македонија и е финасиран од

1 United Nations, Office of the High Commissioner for Human Rights. Principles and guidelines for a human rights approach to poverty reduction strategies. [HR/PUB/06/12] Geneva, Switzerland: United Nations, Office of the High Commissioner for Human Rights, 2006, v, 49 p.

Австриската агенција за развој. Основна цел на проектот е поддршка на пристапот заснован на човековите права во намалувањето на сиромаштијата во рамките на Милениумските развојни цели (МРЦ), преку негово спроведување во процесот на креирање на стратегиите за социо-економски развој на локално, регионално и национално ниво.

За таа цел, беа спроведени неколку обуки за локалните лидерски групи од Неготино, Струмица и Гостивар – составени од претставници на локалната самоуправа, граѓанскиот и деловниот сектор. Важноста на обуките се состоеше во запознавањето на учесниците со меѓународната и национална правна рамка за човекови права во Македонија, можностите за идентификација на сиромашните и ранливи општествени групи, принципот на еднаквост и недискриминација, како и потребата од почитување на прогресивната реализација на човековите права, вклученоста на граѓанското општество и јакнењето на одговорноста на сите нивоа на власта.

Со цел, пак, да се акцентираат најчестите проблеми со кои се соочуваат ранливите и сиромашни групи на граѓани, да се направи преглед на нивните потреби и да се предложат соодветни решенија кои би биле вклучени во локалните планови за развој, беа организирани и неколку фокус-групи во секоја од горенаведените општини.

## *Анекс 4. Наоди од работилниците на Институтот за човекови права Лудвиг Болцман*

Преку анализа на добиените податоци од истражувањето на теренот, спроведено од страна на Институтот за човекови права Лудвиг Болцман, може да се заклучи дека сиромаштијата во Македонија претставува повеќеслоен проблем – кој во себе вклучува економска, социјална, политичка и културна димензија, а воедно е и главниот фактор кој го условува стандардот на живеење на луѓето и го оневозможува еднаквиот третман во уживањето на правата кај одредени поединци, односно групи на поединци.

Имено, во последните 15-тина години, Македонија беше соочена со драматични политички, социјални, економски и културни конфликти, предизвици и промени. Во годините по осамостојувањето, Македонија беше изложена како на победи така и на порази во постојаната битка за остварување на човековите и граѓански слободи и права. И додека веќе можеме да зборуваме за значењето на изградената политичка и социјална рамка во која човековите права се заштитени и претставуваат дел од политичката култура и практика, од друга страна, очигледна е потребата за развивање на свеста за постоење на маргинализираните и ранливи општествени групи и нивната положба во општеството.

Се чини дека Македонија е земја во која живеат голем процент на маргинализирани и ранливи општествени групи и каде, за жал, демократската визија на општеството во кое еднаквоста се сфаќа не како закана туку како извор на демократијата, е сè уште идеал и стандард кој не е целосно прифатен и достигнат. Искуството и ужасните резултати од етничкиот конфликт во 2001 година покажуваат дека основните вредности и општествени принципи мора да бидат вградени во рамката за заштита и развој на човековите права на маргинализираните и ранливи општествени групи.

Дури и да постои јавен консензус за недвосмислената потреба од вградување на човековите права на националните, односно етничките малцинства во домашното законодавство и покрај очигледно подобрената општесвената положба на овие групи на граѓани, заштитата и промовирањето на правата на маргинализираните и ранливи општествени групи е сè уште амбивалентна, контроверзна и недоволно застапена на актуелната политичка агенда. Главната забелешка би била дека Македонија направила релативно мал прогрес во адресирање на дискриминацијата и нееднаквиот третман на маргинализираните и ранливи општествени групи, пред сè, Ромите, жените и децата.

Секако, битно е да се подвлече дека конкретната ситуација и политичката клима се разликуваат од еден до друг регион. И додека одредени локални власти навистина вложуваат напори во заштитата и промовирањето на правата на маргинализираните и ранливи општествени групи во рамките на своите општини, други само делумно или воопшто не го адресираат прашањето на проблемите со кои се соочуваат овие групи на граѓани во секојдневниот живот. Како и да е, се чини дека нивната положба е далеку од задоволителна.

## *Заклучоци и препораки*

Што се однесува до родовата димензија на сиромаштијата, беше заземен генерален став дека жените се дискриминирани повеќе од мажите, и тоа на сите нивоа и во сите сфери од општествениот живот. Ова беше особено потенцирано за самохраните мајки и за разведените жени, кои се изложени на поголем социјален ризик. Подигањето на образовното ниво и создавањето можности за вработување, со што воедно би се зајакнала и економската стабилност на жената, беа предложени како мерки кои би можеле да имаат долгорочен позитивен ефект во постигнувањето на родовата еднаквост.

Прашањето на човековите права во Македонија и генералната општествена клима укажува на фактот дека постојат значителни разлики помеѓу одделни региони и различен пристап во справувањето со различни проблеми со кои се соочуваат маргинализираните и ранливи општествени групи. И додека најголемиот дел од ваквите проблеми се, повеќе или помалку, заеднички за сите лица, би било сосема погрешно идентични решенија да бидат применети во секој регион одделно, дотолку повеќе кога ги имаме предвид различните услови на теренот и специфичните културни разлики во одделни региони. Во секој случај, некои општи и заеднички препораки би можеле да се сведат на следното:

- Властите во Македонија, како локалните така и централната, би требале да бидат повеќе посветени на заштита и подобрување на човековите права на маргинализираните и ранливи општествени групи и, сообразно на тоа, да поддржат донесување на Закон за недискриминација;
- Властите во Македонија, како локалните така и централната, би требале да го овозможат и да ги охрабрат учеството на маргинализираните и ранливи општествени групи подеднакво

во сите сфери на општественото живеење, а посебно во процесот на донесувањето на одлуките;

- Властите во Македонија, како локалните така и централната, би требале целосно да се посветат на афирмација и промовирање на начелата на владеење на правото, толеранцијата, демократизацијата и изградбата на мултикултурно граѓанско општество;
- Властите во Македонија, како локалните така и централната, би требале активно да се вклучат во изготвувањето, усвојувањето и спроведувањето на образовни програми и стратегии со кои ќе се намали дискриминацијата врз маргинализираните и ранливи општествени групи, ќе им се гарантира еднаков третман во уживањето на правата, а со тоа ќе се влијае во голема мера и врз намалувањето на сиромаштијата во земјата и врз обезбедувањето поширока општествена благосостојба.

# *Анекс 5: Резултати од истражувањата на БИМ за ранливите групи во Општина Струмица*

## *Табела 1. Стратешки приоритети кои се однесуваат на ранливите групи, идентификувани од Локалната лидерска група;*

| | Применлив стандард за човекови права | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификувана ранлива група** | **Национален** | **Меѓународен** | **Идентификуван проблем** | **Ефект** | **Причина** | **Предложена мерка/активност** | **Одговорен носител на обврската** | **Применлив показател** |
| Деца од неразвиени региони без основни услови за посета на училишна настава и без здравствена заштита | **Право на образование**<br>Задолжително основно образование<br>Воведна година во основното образование<br>Бесплатен превоз, ужина и сместување во основното образование<br>Недискриминација во основното образование<br>**Право на здравје**<br>Право на здравје за сите<br>Право на здравствено осигурување | **Право на образование**<br>**Право на детето на здравје**<br>ПЕСКП<br>ПГГПП<br>КПД<br>КЕСФРД<br>КЕДЖ<br>Конвенција на УНЕСКО против дискриминација во образованието<br>ИЛО Конвенција бр. 138 која се однесува на минималната возраст при вработување<br>ИЛО Конвенција бр. 182 која се однесува на забрана и неодложна акција против елиминација на најтешките форми на детски труд<br>Прв протокол кон ЕКЧП<br>Европска социјална повелба | Образование за децата од неразвиените региони | Ниско образовно ниво<br>Невработеност<br>Емиграција/Миграција<br>Малолетнички бракови<br>Малолетничка деликвенција<br>Злоупотреба на детскиот труд<br>Неинтегрираност | Ниско образовно ниво на родителите<br>Неразвина инфраструктура<br>Невработеност на родителите | Инфраструктурна обнова<br>Зголемен буџет за финансирање на неразвиените региони<br>Образование<br>Јавни трибини<br>Советувања<br>Состаноци со родителите<br>Инвестирање во училишните згради<br>Промовирање на руралниот развој<br>Обезбедување стипендии<br>Организирање обуки за возрасни | Јавни институции<br>НВО<br>Образовни институции<br>ЛС | Стапка на учество на деца под 15 год. возраст на пазарот на работна сила<br>Стапка на зачестеност на најтешките форми на детски труд<br>Број на ученици во основно и средно образование кои користат бесплатни книги<br>Стапка на уписи во основното образование<br>Број на ученици кои се запишале во прво и стигнале до петто одделение<br>Стапка на писменост на лицата од 15 до 24 год. возраст<br>Соодност помеѓу лицата кои се запишале и оние кои се откажале од основно образование<br>Стапка на учество на јавните расходи во основното образование<br>Број на ученици во државните средни училишта кои не плаќаат школарина<br>Просечен износ на школарина кој го плаќаат учениците во средното образование<br>Број на години на задолжително основно образование<br>Стапка на писменост помеѓу возрасните<br>Стапка на писменост кај лицата од 15 до 24 год. возраст<br>Стапка на уписи во средното образование, распределена по социјален статус<br>Учество на јавните расходи во средното образование<br>Број на ученици во државните средни училишта кои не плаќаат школарина, распределена по социјален статус |
| Роми и Турци кои потекнуваат од семејства со ниеден вработен | **Права од работен однос**<br>Право на вработување<br>Забрана на дискриминација<br>Право на договор за вработување<br>Право на плата<br>Надоместок на трошоци поврзани со работното место<br>Право на скратено работно време<br>Право на паузи и одмори<br>Право на здружување во синдикати<br>Право на штрајк<br>**Права од пензиско и инвалидско осигурување**<br>Право на старосна пензија<br>Право на инвалидска пензија<br>Право на семејна пензија<br>**Социјална заштита**<br>Право на социјална помош | **Право на адекватен животен стандард**<br>**Право на домување**<br>**Право на вода и право на храна**<br>**Право на појавување во јавноста без срам**<br>**Право на пристојна работа**<br>**Право на социјално осигурување и социјална помош**<br>ПЕСКП<br>ПГГПП<br>КЕСФРД<br>КЕДЖ<br>КПД<br>Европска социјална повелба<br>Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства | Стапката на невработеност кај Турците и Ромите | Недостаток на услови за образование<br>Недостаток на адекватен животен стандард | Недоволно образование<br>Животен стил/Начин на живеење<br>Дискриминација<br>Низок животен стандард | Промена на постоечката правна регулатива и нејзина доследна примена во пракса<br>Промоворање на здрав начин на живеење<br>Основање на Канцеларија за човекови права<br>Спроведување на анти-стигма програми и работилници за надминување на предрасудите<br>Јавно заговарање и лобирање<br>Примена на нови програми и идентификација на соодветни механизми за набљудување и следење на нивната одрживост | Јавни институции<br>НВО<br>Религиозни здруженија и асоцијации<br>ЛС | Стапка на невработеност<br>Стапка на подвработеност<br>Стапка на учество на сиромашните на пазарот на работна сила<br>Број на вработени кои примаат минимален загарантиран приход<br>Број на вработени кои се социјално, пензиско и здравствено осигурани<br>Број на вработени кои се заштитени со работното законодавство од неправично отпуштање од работа |
| Лица од рурални области (стари, деца и примателi на социјална помош) | **Право на здравје**<br>Право на здравје за сите<br>Право на здравствено осигурување | **Право на здравје и недискриминација**<br>**Право на детето на здравје**<br>ПЕСКП<br>ПГГПП<br>КПД<br>КЕДЖ<br>КЕСФРД<br>ЕЧКП<br>Протокол 12 кон ЕЧКП<br>Европска социјална повелба | Неможност на старите лица, децата и примателите на социјална помош во руралните области да добијат квалитетна здравствена заштита | Висока стапка на смртност | Непостоење на локални амбуланти<br>Недостаток на компетентни кадри<br>Недостаток на инфраструктура<br>Недостаток на информации кои се однесуваат на правата на граѓаните во сферата на здравствената заштита | | | Стапка на смртност поврзана со заразни болести<br>Број на лица со пристап до чиста и здрава вода за пиење<br>Број на лица со пристап до соодветен санитарен чвор<br>Број на лица вакцинирани против заразни болести<br>Стапка на наталитет<br>Стапка на учество на јавните расходи во примарната здравствена заштита<br>Број на сиромашни лица кои немаат никакво здравствено осигурување<br>Број на здравствени домови по 1000 лица<br>Број на лекари по 1000 лица<br>Број на сиромашни лица кои имаат пристап до основни лекарства<br>Стапка на смртност кај доенчињата<br>Стапка на смртност кај децата до 5 год. возраст<br>Број на деца до 5 год. возраст вакцинирани против заразни болести |

| | Применлив стандард за човекови права | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификувана ранлива група** | **Национален** | **Меѓународен** | **Идентификуван проблем** | **Ефект** | **Причина** | **Предложена мерка/активност** | **Одговорен носител на обврската** | **Применлив показател** |
| Лица со посебни потреби (со пречки во физичкиот и/или интелектуалниот развој, слепи и глуви) | **Права од работен однос**<br>Право на вработување<br>Забрана на дискриминација<br>Право на договор за вработување<br>Право на плата<br>Надоместок на трошоци поврзани со работното место<br>Право на скратено работно време<br>Право на паузи и одмори<br>Право на здружување во синдикати<br>Право на штрајк<br>**Права од пензиско и инвалидско осигурување**<br>Право на старосна пензија<br>Право на инвалидска пензија<br>Право на семејна пензија<br>**Социјална заштита**<br>Право на социјална помош | **Право на образование**<br>**Право на адекватен животен стандард**<br>**Право на појавување во јавноста без срам**<br>**Право на пристојна работа**<br>**Право на социјално осигурување и социјална помош**<br>ПЕСКП<br>ПГПП<br>КПД<br>КЕДЖ<br>КЕСФРД<br>Конвенција на УНЕСКО против дискриминација во образованието<br>Прв протокол кон ЕЧКП<br>Европска социјална повелба | Потешкотиите со кои се соочуваат лицата со посебни потреби во секојдневниот живот во заедницата | Дискриминација<br>Ниско образовно ниво<br>Недостаток на социјализација<br>Нарушено здравје | Недостаток на механизми за социјална вклученост<br>Недоволен пристап до образовните институции<br>Недостиг на свест кај граѓаните за потребата од прифаќање на овие лица и хуман пристап кон нив<br>Недостиг на компетентни кадри | Обезбеден пристап во јавниот собраќај<br>Обучени кадри во јавниот образовен систем<br>Финансирање<br>Јавно заговарање и следење на остварувањето на правата на лицата со посебни потреби<br>Едукација на граѓаните и подигање на свеста за потребата од прифаќање на овие лица и хуман пристап кон нив<br>Одредување на локациите и местата за движење на лицата со посебни потреби со цел олеснување на нивниот приостап до јавните институции | Јавни институции<br>НВО<br>ЛС | Стапка на деца со посебни потреби кои посетуваат средно образование<br>Број на станбени згради во кои живеат сиромашни, а кои се пристапни за лицата со физички инвалидитет/хендикеп<br>Број на сиромашни и социјално неприфатени лица |
| Земјоделски производители кои користат пестициди опасни по здравјето на луѓето<br>Конзументи на земјоделски производи кои содржат отровни субстанци | Начело *загадувачот плаќа*<br>Начело *корисникот плаќа*<br>Начело на субсидијарност<br>Начело на учество на јавноста во пристапот до информации | **Право на здрава животна околина**<br>ПЕСКП<br>ПГПП<br>КПД<br>КЕДЖ<br>КЕСФРД<br>ЕЧКП<br>Европска социјална повелба | Употреба на пестициди кои можат да имаат негативно влијание врз здравјето на луѓето | Квантитет без квалитет<br>Нездрава храна<br>Зголемен потенцијал за ширење на болести<br>Неконкурентност на ЕУ пазарите | Ниски трошоци на производство<br>Непостоење на лаборатории и недостаток на соодветна правна регулатива<br>Остварување на поголеми профити<br>Достапност до односните пестициди<br>Недостаток на информации кои се однесуваат на значајното влијание на односните пестициди врз здравјето на луѓето | Зголемен инспекциски надзор и контрола врз спроведувањето на постоечката правна регулатива која се однесува на употребата на пестициди<br>Ограничување на употребата на пестициди кои би можеле да имааат негативно влијание врз здравјето на луѓето<br>Воведување еколошки пречистителни филтри во фабриките кои сеуше ги немаат<br>Ширење на информации кои се однесуваат на значајноста од заштита на човековото здравје (преку јавни трибини, промотивни кампањи итн.) | Јавни институции (Министерство за заштита на животна средина)<br>НВО<br>ЛС<br>Бизнис сектор | Број на работници/чки кои работат под ризични услови<br>Стапка на сиромашни луѓе кои конзумираат нездрава храна<br>Број на луѓе кои имаат пристап до информации и учествуваат во јавни и едукативни кампањи кои се однесуваат на здрава исхрана и контрола на квалитетот на храната<br>Стапка на сиромашни луѓе кои не внесуваат доволно протеини во исхраната<br>Стапка на сиромашни луѓе кои не внесуваат доволно микронутриенти во исхраната<br>Големина на издатоци за храна по домаќинство<br>Разлика во цени по основни прехрамбени продукти |

## *Табела 2. Стратешки приоритети кои се однесуваат на зајакнувањето на општествената положба на жената идентификувани од Локалната лидерска група;*

| | Применлив стандард за човекови права | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификувана ранлива група** | **Национален** | **Меѓународен** | **Идентификуван проблем** | **Предложена мерка/активност** | **Одговорен носител на обврската** | **Применлив показател** |
| Невработени жени до 30год. | **Права од работен однос**<br>Право на вработување<br>Забрана на дискриминација<br>Право на договор за вработување<br>Право на плата<br>Надоместок на трошоци поврзани со работното место<br>Право на скратено работно време<br>Право на паузи и одмори<br>Право на здружување во синдикати<br>Право на штрајк<br>**Права од пензиско и инвалидско осигурување**<br>Право на старосна пензија<br>Право на инвалидска пензија<br>Право на семејна пензија<br>**Социјална заштита**<br>Право на социјална помош | **Право на пристојна работа**<br>**Право на социјално осигурување и социјална помош**<br>ПЕСКП<br>ПГПП<br>КЕСФРД<br>КЕДЖ<br>КПД<br>Европска социјална повелба | Создавање можности за вработување за невработените жени | Обуки за информатичка технологија<br>Обуки за преквалификација и доквалификација<br>Обуки за претприемништво<br>Придонеси за вработените<br>Самовработување<br>Еднакви можности за вработување<br>Образование специјализирано на потребите во локалнта заедница | Агенција за вработување<br>ЗЕЛС<br>Јавни институции<br>Стопанска комора<br>Синдикат | Стапка на учество на мажите и жените како работна сила<br>Просечни примања на мажите и жените во различни стопански дејности<br>Учество на сиромашните како работна сила распределено по род |
| Жени на сите возрасти | **Човеково право на здравје на жените**<br>Заштита на работничките за време на бременост и породилно отсуство<br>Забрана за вршење на тешки физички работи за време на бременост и породилно отсуство<br>Посебна заштита во текот на бременоста<br>Заштита во текот на бременоста и породилното отсуство која се однесува на ноќна и прекувремена работа<br>Права на мајката доилка | **Право на здравје на жените**<br>ПЕСКП<br>ПГПП<br>КЕСФРД<br>КЕДЖ<br>КПД<br>Европска социјална повелба<br>ЕКЧП | Заштита на женското репордуктивно здравје | Едукативни кампањи (mass media)<br>Ширење на информации (брошури)<br>Бесплатни гинеколошки прегледи (лобирање за зголемување на буџетот за здравство)<br>Набавка на мамограф | Јавни институции (МЗ, Лекарска комора, Фонд за здравство)<br>Лекари<br>Mass media<br>ЛС<br>НВО | Полов соодност<br>Бенефициран работен стаж за мажите и жените<br>Стапка на жени и мажи третирани во здравствени установи<br>Стапка на смртност кај мајките<br>Стапка на пораѓања проследени од квалификувано медицинско лице<br>Стапка на мајки кои имаат пристап до установи за пре и пост-натална медицинска грижа |
| Млади жени | **Право на образование**<br>Задолжително основно образование<br>Воведна година во основното образование<br>Бесплатен превоз, ужина и сместување во основното образование<br>Недискриминација во основното образование | **Право на образование**<br>ПЕСКП<br>КЕСФРД<br>КЕДЖ<br>КПД<br>Европска социјална повелба<br>Прв протокол кон ЕКЧП<br>Конвенција на УНЕСКО против дискриминација во образованието | Регулирање на нивото на стипендии | Зголемување на стипендиите<br>Зголемување на квотата во државното образование<br>Основање посебни фондови во рамките на ЛС | ЛС<br>Јавни институции (МО)<br>Бизнис сектор | Соодност помеѓу момчиња и девојчиња во основното образование<br>Соодност помеѓу момчиња и девојчиња во средното образование<br>Соодност помеѓу писмени момчиња и девојчиња на возраст од 15 до 24 год. |
| Домаќинки | **Права од работен однос**<br>Право на вработување<br>Забрана на дискриминација<br>Право на договор за вработување<br>Право на плата<br>Надоместок на трошоци поврзани со работното место<br>Право на скратено работно време<br>Право на паузи и одмори<br>Право на здружување во синдикати<br>Право на штрајк<br>**Права од пензиско и инвалидско осигурување**<br>Право на старосна пензија<br>Право на инвалидска пензија<br>Право на семејна пензија<br>**Социјална заштита**<br>Право на социјална помош | **Право на пристојна работа**<br>**Право на социјално осигурување и социјална помош**<br>ПЕСКП<br>ПГПП<br>КЕСФРД<br>КЕДЖ<br>КПД<br>Европска социјална повелба | Учество на жените во семејната економија | Обуки за преквалификација и доквалификација<br>Регистрирање на индивидуалните земјоделски производители | ЛС<br>Јавни институции (МО, МЗ)<br>Бизнис сектор | Стапка на учество на мажите и жените како работна сила<br>Просечни примања на мажите и жените во различни стопански дејности<br>Учество на сиромашните како работна сила распределено по род |

| | Применлив стандард за човекови права | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификувана ранлива група** | **Национален** | **Меѓународен** | **Идентификуван проблем** | **Предложена мерка/активност** | **Одговорен носител на обврската** | **Применлив показател** |
| Мајки од рурални области | **Права од работен однос**<br>Право на вработување<br>Забрана на дискриминација<br>Право на договор за вработување<br>Право на плата<br>Надоместок на трошоци поврзани со работното место<br>Право на скратено работно време<br>Право на паузи и одмори<br>Право на здружување во синдикати<br>Право на штрајк<br>**Права од пензиско и инвалидско осигурување**<br>Право на старосна пензија<br>Право на инвалидска пензија<br>Право на семејна пензија<br>**Социјална заштита**<br>Право на социјална помош | **Право на пристојна работа**<br>**Право на социјално осигурување и социјална помош**<br>ПЕСКП<br>ПГПП<br>КЕСФРД<br>КЕДЖ<br>КПД<br>Европска социјална повелба | Образование и вработување на руралните жени и подобрување на постоечкиот систем на детска грижа | Едукација за правата од работен однос<br>Вработување<br>Ширење на информации за потребите на пазарот на работна сила<br>Изградба на градинки | ЛС<br>Јавни институции (МО)<br>Агенција за вработување<br>Бизнис сектор | Стапка на учество на мажите и жените како работна сила<br>Просечни примања на мажите и жените во различни стопански дејности<br>Учество на сиромашните како работна сила распределено по род |

# *Табела 3. Стратешки приоритети идентификувани од страна на ранливите групи;*

| | Применлив стандард за човекови права | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификувана ранлива група** | **Национален** | **Меѓународен** | **Идентификуван проблем** | **Ефект** | **Причина** | **Предложена мерка/активност** | **Одговорен носител на обврската** | **Применлив показател** |
| Корисници на дрога<br>Хепатит Ц пациенти | **Право на здравје**<br>Право на здравје за сите<br>Право на здравствено осигурување<br>**Права од работен однос**<br>Право на вработување<br>Забрана на дискриминација<br>Право на договор за вработување<br>Право на плата<br>Надоместок на трошоци поврзани со работното место<br>Право на скратено работно време<br>Право на паузи и одмори<br>Право на здружување во синдикати<br>Право на штрајк<br>**Права од пензиско и инвалидско осигурување**<br>Право на старосна пензија<br>Право на инвалидска пензија<br>Право на семејна пензија<br>**Социјална заштита**<br>Право на социјална помош | **Право на здравје и недискриминација**<br>**Право на адекватен животен стандард**<br>**Право на појавување во јавноста без срам**<br>**Право на пристојна работа**<br>**Право на социјално осигурување и социјална помош**<br>ПЕСКП<br>ПГПП<br>КПД<br>КЕДЖ<br>КЕСФРД<br>Конвенција на УНЕСКО против дискриминација во образованието<br>Прв протокол кон ЕЧКП<br>Европска социјална повелба | Нееднакво и понижувачко постапување на сите нивоа во општествениот живот | Дискриминација при вработување<br>Дискриминација во користењето здравствени услуги<br>Вознемирување од страна на полицијата<br>Маргинализација и стигматизација | Недостаток на професионалност од страна на лекарите и полицајците<br>Недоволна запознаеност со проблемот<br>Традиција и стигма | Креирање на можности за вработување<br>Спроведување на кампањи за подигање на свеста и работилници за надминување на предрасудите<br>Спроведување анти-стигма програми за полицајците и лекарите<br>Основање на центри за психо-социјална поддршка | ЛС<br>НВО<br>Бизнис сектор<br>Министерство за здравство<br>Фонд за здравство<br>Лекари<br>МВР<br>Полицајци | Стапка на невработеност<br>Стапка на вработеност<br>Број на спроведени кампањи за подигање на свеста и работилници за надминување на предрасудите, како и нивото на нивната постеност<br>Број на спроведени анти-стигма програми за припадниците на полицијата и лекарите, како и нивото на нивната постеност<br>Број на новоосновани центри за психо-социјална помош, вклучително бројот на корисници на услугите<br>Стапка на смртност поврзана со заразни болести<br>Број на лица вакцинирани против заразни болести<br>Стапка на учество на јавните расходи во примарната здравствена заштита<br>Број на сиромашни лица кои немаат никакво здравствено осигурување<br>Број на сиромашни лица кои имаат пристап до основни лекарства<br>Број на деца до 5 год. возраст вакцинирани против заразни болести<br>Стапка на учество на сиромашните на пазарот на работна сила<br>Број на вработени кои примаат минимален загарантиран приход<br>Број на вработени кои се социјално, пензиско и здравствено осигурани<br>Број на вработени кои се заштитени со работното законодавство од<br>неправично отпуштање од работа |
| Лица со посебни потреби (со пречки во физичкиот и/или интелектуалниот развој, слепи и глуви) | **Права од работен однос**<br>Право на вработување<br>Забрана на дискриминација<br>Право на договор за вработување<br>Право на плата<br>Надоместок на трошоци поврзани со работното место<br>Право на скратено работно време<br>Право на паузи и одмори<br>Право на здружување во синдикати<br>Право на штрајк<br>**Права од пензиско и инвалидско осигурување**<br>Право на старосна пензија<br>Право на инвалидска пензија<br>Право на семејна пензија<br>**Социјална заштита**<br>Право на социјална помош | **Право на образование**<br>**Право на адекватен животен стандард**<br>**Право на појавување во јавноста без срам**<br>**Право на пристојна работа**<br>**Право на социјално осигурување и социјална помош**<br>ПЕСКП<br>ПГПП<br>КПД<br>КЕДЖ<br>КЕСФРД<br>Конвенција на УНЕСКО против дискриминација во образованието<br>Прв протокол кон ЕЧКП<br>Европска социјална повелба | Социјална исклученост на лицата со посебни потреби | Несоодветен пристап до јавните услуги<br>Семејни проблеми | Ниско образовно ниво<br>Недостаток на инфраструктура<br>Низок степен на познавање на информатичка технологија<br>Недостаток на обуки за преквалификација и доквалификација<br>Недоволна финансиска помош | Издавање на ЦД како помагало за учење на јазикот на глувонемите<br>Подигање на нивото на правна заштита<br>Подобрување на социјалната и здравствена заштита<br>Отворање на дневни центри<br>Изградба и доделување на социјални станови | ЛС<br>Јавни институции<br>НВО<br>Бизнис сектор | Број на новоотворени дневни центри<br>Број на лица кои посетиле обука за преквалификација и доквалификација<br>Број на новоизградени и новоделени социјални станови<br>Број на јавни институции со обезбеден пристап за лица со посебни потреби<br>Број на усвоени амандмани кон постоечката правна регулатива и број на новодонесени закони<br>Зголемено образовно ниво кај лицата со посебни потреби<br>Процент на дополнително обезбедени финансиски средства<br>Стапка на деца со посебни потреби кои посетуваат средно образование<br>Број на станбени згради во кои живеат сиромашни, а кои се пристапни за лицата со физички инвалидитет/хендикеп<br>Број на сиромашни и социјално неприфатени лица |

| Идентификувана ранлива група | Применлив стандард за човекови права<br>Национален | Меѓународен | Идентификуван проблем | Ефект | Причина | Предложена мерка/активност | Одговорен носител на обврската | Применлив показател |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуални земјоделски производители од руралните области | **Право на работа**<br>**Право на здравје**<br>**Право на образование** | **Право на образование**<br>**Право на адекватен животен стандард**<br>**Право на пристојна работа**<br>**Право на здравје**<br>**Партнерство за развој** | Низок животен стандард | Опасност од ширење на заразни болести (посебно во лето)<br>Висока стапка на невработеност<br>Потешкотии во пристапот до образовните институции<br>Заминување на младите | Потешкотии во пристапот до селата во текот на зимскиот период, а како резултат на лошите патишта<br>Недостаток на систем за наводнување и водоснабдување<br>Недоволни инвестиции од страна на јавните институции<br>Недостаток на заокружен процес на земјоделско производство и организиран систем на сточна/добиточна исхрана<br>Недостаток на инвестиции во здравствениот сектор | Инвестиции во транспортната мрежа<br>Организирање редовни лекарски посети<br>Поттикнување на развојот на нови земјоделки производи и развивање на системот на добиточна/сточна исхрана<br>Производство на финални продукти (нпр. кашкавал/сирење)<br>Собирање на дневни суровини (нпр. млеко и млечни полу-производи за преработувачката индустрија)<br>Поттикнување на развојот на алтернативни неземјоделски активности (нпр. селски туризам) | ЛС<br>НВО<br>Јавни институции | Стапка на учество на ИПА фондовите во развојот на руралните области<br>Број на завршени/обновени патишта<br>Број на завршени/обновени системи за наводнување и водоснабдување<br>Број на неделно извршени лекарски посети и број на пациенти кои добиле услуга од стручно медицинско лице<br>Добро организиран образовен систем |
| Роми | **Право на работа**<br>**Право на здравје**<br>**Право на образование** | **Право на образование**<br>**Право на адекватен животен стандард**<br>**Право на пристојна работа**<br>**Право на здравје**<br>**Партнерство за развој** | Потешкотии со кои се соочува ромската популација во интегрирањето со локалната заедница, а како резултат на присутните предрасуди и дискриминација на етничка основа | Несоодветни животни и станбени услови<br>Висока стапка на невработеност<br>Опасност од ширење на заразни болести | Недостаток на правна помош<br>Несоодветна инфраструктура (систем за наводнување и водоснабдување)<br>Ниско образовно ниво, како помеѓу децата така и помеѓу родителите | | | |

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 12.04.2007 година, донесе

# О д л у к а
## за донесување на Платформа за развој на општина Струмица 2007 – 2015 година

1.Се донесува Платформата за развој на општина Струмица 2007 – 2015 година.

2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица.

Број 07-1535/1
12.04.2007 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
П р е т с е д а т е л,
Зоран Ристов